**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четириесеттата седница на Собранието на**
**Република Македонија,**
**одржана на 5 април 2000 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Четириесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Данило Глигоровски, Ѓулистана Марковска, Никола Поповски, Нано Ружин, Наталија Марковиќ - Димова и членовите на Владата д-р Васил Тупурковски и Александар Димитров, поради нивното присуство на преговорите во Брисел, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам, најнапред да притиснете на едно од копчињата на системот на гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Присутни се 86 пратеници, односно 77 во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Што се однесува до мобилните телефони, истото важи и за членовите на Владата, Ве молам исклучете ги и мобилите, бидејќи во салата има работна атмосфера.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија г-дин Борис Трајковски и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Дами и господа пратеници, оваа седница ја свикав само за поставување пратенички прашања.

Поради тоа, предлагам на оваа седница да не се разгледуваат други прашања.

Ве молам да гласаме по предлогот.

Кој е за тоа само да има пратенички прашања, Ве молам да гласаме.

(По гласањето).

77 пратеници гласа "за", 4 пратеници се воздржани и 1 пратеник е против.

Констатирам дека на оваа седница ќе се поставуваат само пратенички прашања.

Пред да преминеме на оваа точка, повикувајќи се на член 107 од Деловникот, сакам да предложам да го скратиме времето на траење на постапување на прашањето, бидејќи има огромен број на пријавени пратеници кои сакаат да постават прашања за да можеме да бидеме колегијални и да можат што поголем број на пратеници да постават прашања, мислам дека се сосема доволни 5 минути на секој пратеник да постави прашање. Но за овој мој предлог, повикувајќи се на член 107 од Деловникот, Ве молам да гласаме.

Пред тоа, процедурално збор побара г-цата Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, сакам во името на Пратеничката група на СДСМ да го изразам нашиот став по ваквиот предлог на претседателот, за што бевме информирани непосредно пред да отпочне оваа седница.

Имено, со оглед на фактот дека повеќе од една година ова Собрание се нема свикано да дискутира по вакво прашање, односно да отвори и да иницира пратенички прашања за да добие одговор од претставник на Владата, со оглед на тоа дека голем број прашања кои беа поставени од страна на пратеници на редовни седници, ретко со задоцнение или воопшто не се одговорени од страна на некои министри или Владата во целина, сметаме дека постои голем интерес и во јавноста и меѓу пратениците да се постават важни прашања со кои можеби ќе ни одземат малку повеќе време, меѓутоа сметаме дека оваа тема заслужува такво време и заслужува такво внимание и од страна на Владата и од страна на пратениците.

Токму поради тоа, сметаме дека не е соодветен предлогот да ги ограничиме овие прашања, значи за секој пратеник по 5 минути, бидејќи навистина е тешко две-три прашања да се постават во овој временски термин.

Токму поради тоа, сметаме дека ова Собрание има и капацитет, се надеваме дека има трпение и Собранието и Владата да отвориме расправа по овие прашања, евентуално да се договориме колку долго би траела таа расправа, бидејќи минатиот пат кога имавме таква седница таа траеше само во текот на тој ден кога се закажа и се прекина расправата, а останаа многу пратенички прашања не поставени. Меѓутоа,

може да се договориме на ова да издвоиме неколку дена посебно земајќи предвид дека работи Собранието речиси секој три дена во текот на неделата, не е во ред пратеничките прашања кои и од страна на јавноста и од наша страна беа нагласувани како место каде ќе се спротивставената, ќе се слушнат информации од страна на Владата, информации кои тешко се достапни до јавноста, информации кои ги бараат и новинарите и јавноста, дека доколку го ограничиме ова време ќе го намалиме значењето на оваа седница и сметаме дека тоа ќе биде лошо и за Собранието и за Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Прво, сакам да ви кажам дека таа седница, тоа е 19-та седница, траеше 2 дена и јас мислам дека и оваа седница ќе трае два дена. Според тоа, мислам дека секој пратеник може да постави барем две прашања. Ако помножите со 80 пратеници, колку се присутни овде, тоа се 160 прашања. Ве молам, бидете колегијални. Прашањата се сосема доволно, доволно е да постават две-три прашања во 5 минути, а да не се елаборира премногу. Во интерес на тоа да може што повеќе прашања да се постават, јас го поставив ова прашање, односно го ограничив ова време на 5 минути.

Второ, денес ќе работиме до 17 часот, затоа што после тоа доаѓа претседателот Месиќ и има други активности овде, а ќе продолжиме утре повторно ако треба.

Според тоа, предлагам сепак да се прифати 5 минути да биде времето на поставување на прашањето. Јас ќе го мерам овде времето.

Ве молам, да бидеме колегијални.

Процедурално околу ова прашање збор побара г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници и претставници на Влада, не е коректно да се девалвира најважната институција пратенички прашања, која претставува механизам на контрола од страна на законодавната власт и мислам дека една година никој од пратениците немал никаква можност да постави директно пратеничко прашање, кое би било поставено вака делумно и не било одговорено и сега после една година ние тука одлучивме да одржиме таква седница, не би било коректно тоа да биде само формално пред јавноста дека ете ние одржуваме седница и се е во ред.

Мислам дека тука има повеќе прашања, јас лично имам барем 10 прашања кои треба да се постават и теоретски немам можности за 5 минути да се постават тие прашања. Верувам дека повеќе пратеници имаат да постават по неколку прашања и не би требало да се претпостави дека оваа седница мора да заврши денеска. Мислам дека оваа институција во сите западни земји е многу важна институција и се практикува скоро при секоја втора седница, да не зборувам за англискиот Парламент, каде премиерот постојано одговара на пратеничките прашања на секоја седница.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Токму заради тоа г-дине Биљали, јас сакав да го ограничам времето за да ги поставите јасно прашањата и сметајте дека на тие прашања ќе ви се одговара, пак ќе тече време.

Според тоа, навистина би требало, ако се јасни прашањата и концизни и поставени до одредена личност, до одреден министер, нема потреба повеќе од 5 минути за поставување прашања.

Ова не е расправа и расправата нема да ја водиме денес, но вие ќе имате и друга можност.

Имено, јас ќе ги прочитам сите оние пратеници, кои од минатата седница кога поставувавме пратенички прашања добија одговор, тие имаат право да кажат дали се задоволни или не се задоволни од одговорот, дали сакаат тоа да се постави на дневен ред или не и т.н. и т.н. Тука веќе не е можно тоа да го ограничам на 5 минути, но самото поставување и текот на седницата да биде со 5 минути поставување прашања.

Процедурално, има збор г-динот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине претседателе, како што беше пред малку речено, институтот пратенички прашања е еден од најважните институти за контрола на извршната власт во секоја држава со парламентарна традиција. Тој институт во праксата на работа на Собранието на РМ е веќе доволно девалвиран во изминатиот период од 15 - 16 месеци, имајќи предвид дека воопшто не се постапуваше по Деловникот, каде што на секоја седница пред утврдување на дневниот ред требаше да се дава можност за поставување пратенички прашања и тоа директно по ваше наоѓање и по ваше водење на работата на Парламентот со едно, во повеќе наврати, повторено ветување дека ќе има посебна седница на Собранието на РМ, посветена само на поставување на

пратенички прашања и тогаш Владата во целина ќе биде присутна и пратениците ќе добијат можност, тоа што им е ускратено и по Деловник во овие 15 месеци, да ја добијат таа можност да го искористат тоа право да поставуваат пратенички прашања.

Би сакал да напоменам дека институтот пратенички прашања во секоја од овие држави кон кои се стремиме, кон чија практика и традиција се стремиме, е всушност пред се и на се оружје или механизам или полуга во рацете на опозицијата. Тоа е една од можностите на опозицијата да се судри, да се конфронтира политички, програмски, концептуално со претставниците на власта. Апсолутно е невкусно од претставник на парламентарното мнозинство, а вие сте претставник на парламентарното мнозинство, да се дава предлог со кој тој механизам во рацете на опозицијата ќе биде дополнително девалвиран и ќе биде сведен на едно техничко поставување на прашања, дури вие си дозволувате да лимитирате дали ќе бидат две или три прашања, никаде во Деловникот не пишува, вие не можете тоа право да си го земете дека одделни пратеници нема да постават и повеќе прашања.

Оттука, јас би предложил Владата сама, бидејќи кон неа ќе бидат поставувани прашања, пред целата македонска јавност да не се согласи со предлогот што вие го давате и да овозможи на сите пратеници, меѓутоа пред се, на пратениците од опозицијата, во цел капацитет да го искористат институтот пратенички прашања. Во спротивно, не можеме никако и ништо поинаку да заклучиме дека всушност се работи за една намера и оваа седница да се протера набрзина, да не добие доволни значење кое и припаѓа, со оглед пак ќе речам на пролонгирањето на подолг временски период на можноста на користење на институтот пратенички прашања.

Ставот на опозицијата во овој Парламент и од страна на СДСМ го слушнавте, имавме прилика да го слушнеме и ставот на ПДП, вие не можете да одите по принципот како во други ситуации, што ќе одлучи парламентарното мнозинство. Ова е полуга, институт, наменет пред се на опозицијата во секоја парламентарна демократија и не можете да одите на надлгасување во оваа ситуација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално има збор г-динот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

На сите ни е потполно јасно, со оглед на искуството што го имаме во оваа една ипол година, зошто се бара да нема ограничување.

Затоа што се должи образложенијата и треба да се постигнат политички поени. Дали сега ние имаме пратенички прашања да поставуваме или треба да образлагаме по половина час за едно пратеничко прашање. Тоа ни се вклучува и тоа преоѓа во дискусија. Ако опозицијата преку пратенички прашања сака да добива политички поени и да образложува и да преоѓа во дискусија, а знаеме дека тоа се случува постојано, тогаш дајте цела недела да разговараме и само да ни помине во пратенички прашања и како што им е цел, постојана опструкција, да немаме време да донесуваме закони кои се важни за оваа држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Љупчо Анушев.

Процедурално има збор г-динот Котевски Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Влада, почитувани пратеници, ова што поранешниот премиер го поставува како клучно прашање за денешнава седница, мислам дека два мандати г-динот премиер со целата своја тајфа имаше време и прилика да го донесе Деловникот за работа на Собранието на РМ и денес немаше да се соочиме со ваков проблем, ако чисто беа работите донесени вред.

Затоа, чинам дека денес вашите напори се големи и одамна инсистирате на институтот пратенички прашања. Но со оглед на тоа дека овие прашања до крај не се деловнички расчистени како што треба и е востановена една поинаква практика во овој Парламент од 1990 година, па се до денес, затоа, мислам дека вашиот предлог држи и треба да се однесуваме така. Јас сум за вашиот предлог г-дине претседателе, затоа што и ние од позицијата имаме прашања кои сакаме да ги поставиме на сопствената Влада, а не само опозицијата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И друго нешто е во прашање.

Не само 5 минути што ќе се постави прашањето, но ќе добиете одговор и уште 5 минути можете да го коментирате одговорот.

Да се разбереме, да не злоупотребуваме од неколку луѓе.

Господинот Насер Зибери побара збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, мислам дека разбирлива е оваа расправа сега на почеток, со оглед на фактот дека подолго време немаме остварено право во врска со тоа и затоа треба да бидете стрпливи и вие и Владата и Парламентарното мнозинство.

Затоа, прво имам конкретен предлог за во иднина да се почитува Деловникот и на секоја седница да се издвои по час или два за поставување пратенички прашања, а со тоа и Владата да биде во тек и секогаш на почетокот на седницата ќе биде присутна и веројатно нема да потрошиме толку време.

Второ, околу прашањата кои беа поставени, вие ги спомнавте, за тие што се одговорени денес треба да ги прашате пратениците дали се задоволни од одговорот, ако не дополнителни прашања да постават и понатаму по деловничката постапка.

Но, има еден друг проблем, има пратенички прашања кои се поставени пред една година, за кои се уште не е добиен одговор. Што со тие пратенички прашања и зошто после една година Владата не наоѓа засходно да одговори на тие прашања.

Конечно, сметам дека покрај деловничкото право пратениците од парламентарното мнозинство да поставуваат пратенички прашања, што е сосема разбирливо, сепак сметам дека тие прашања тие треба да ги расчистуваат во пратеничките групи и овде да има повеќе простор парламентарната опозиција да може да се соочи со Владата.

Второ, ова не е школски пример на поставување пратенички прашања, зашто тоа го имаме согласно Деловникот, можност во секој момент писмено да му се обраќаме на секој ресор и на Владата како целина и да добиваме такви одговори.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (Продолжение)

Овој институт е нешто поинаку сфатен, мислам дека е така сферата на ваквиот институт, опозицијата да се соочи со Владата и да ги размени аргументите и контра аргументите за сите актуелни прашања во земјата. Само така ќе можеме да го реализираме нашиот институт - контрола на Владата.

Конечно да завршам со прашањето на Деловникот како одговор на господинот Котевски. Точно е дека не се успеа во претходните два мандати да се донесе тој Деловник. Во првиот од причина што неговата пратеничка група се закануваше дека доколку се овозможи обраќање на пратениците Албанци од говорницата, тие ќе го напуштат.

Собранието и ќе приредуваат тоа што имаат намера, но како и да е Ваш беше предлогот на претседателот на Собранието и ветувањето дека со стапувањето на оваа коалиција на власт веднаш прва задача ќе биде донесување на тој Деловник.

Затоа господинот Котевски нека му се обрати на претседателот на Собранието, зошто по година и пол се уште немаме Деловник за работа на Собранието..

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, прво го оспорувам деловнички Вашиот предлог, да го ограничите времето на поставување на пратеничките прашања на пет минути, бидејќи не можете да го примените членот 170 од Деловникот, затоа што институтот пратенички прашања е посебен институт кој се поставува пред почетокот и на крајот на секоја седница.

За институтот пратенички прашања по Деловникот е сосема чисто и јасно, дури имаме и посебна процедура како се поставува пратеничко прашање, конкретно, јасно, на кого се однесува, дали на министер, или претседател на Влада, Вие можете да интервенирате, образложението од тоа да биде кратко и јасно и натамошниот текст како следува до доаѓање на расправа на самиот Парламент. Може да се одговори на прашањето, па дали пратеникот е задоволен или не, потоа да бара од претставникот на Владата дали ќе прифати, доколку е актуелно прашањето, да се расправа. Вие на тоа укажавте.

Затоа, сметам дека е деловнички спорно, не смеете за секое прашање по Деловникот, но институтот деловничко прашање е посебен институт, и не смеете да го примените по однос на пратенички прашања. Чисто конкретно јасно. За важноста зборуваше и претседателот и другите членови, колку е важен во демократските земји овој институт.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Амди Бајрам има збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани министри,

почитувани колеги пратеници, би сакал да предложам на денешната седница која ја посетивме на пратенички прашања, бидејќи не можеме да најдеме заеднички јазик, сите имаме желба и волја, а од граѓаните имаме барања кои сакаме да ги застапуваме од нашите изборни единици, па би предложил нешто на Собранието.

Повеќето од седниците на Собранието почнуваат во среда, па би предложил на пратениците и на претседателот да изгласаме, можеме да се договориме, да влезе на дневен ред секој први во месецот понеделник и вторник, бидејќи сите сме слободни, немаме седници, тие два дена во месецот да имаме пратенички прашања и со тоа сите би биле задоволни со два дена во месецот и така ќе немаме многу пратенички прашања. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Господине претседателе, сите знаеме дека во 17 месеци втор пат е отворена темата прашања до Владата од страна на пратениците. Тоа е навистина голема срамота за Парламентот и за сите и за Владата и за Вас лично како претседател на Собранието.

Ако вака се поставуваат работите по толку отсуство на овој важен институт во парламентарната демократија, логично е да си поставиме прашање или да заклучиме дека Владата нема време да разговара за актуелни прашања со пратениците, со опозицијата. Владата мора да најде време да разговара со тие што ја бираат таа Влада, со органот пред кој е надлежна. Може да се постави прашањето дека Владата се плаши од незгодни прашања.

Второ, може да се постави прашање дека Владата не владее со материјата, па се плаши да се изложи на прашањата од страна на опозицијата, а се разбира имаат апсолутно уставно право да и поставуваат најнезгодни прашања и пратениците од парламентарното мнозинство.

Една одважна Влада сигурен сум дека би сакала да ја искористи шансата да затвори многу отворени прашања кои кружат меѓу пратениците и јавноста. Ова е извонредна прилика на се што се зборува во јавноста и на се што се сака да и се накалеми на таа Влада, од страна на опозицијата овде пред очите на јавноста Владата да расчисти дилеми и ете нека однесе политичка победа пред опозицијата и пред секој пратеник докажувајќи дека навистина има добри одговори за сите оние работи со кои опозицијата не се согласува или јавноста или поголемиот, или помалиот дел од јавноста, мисли дека таа Влада не работи добро.

Вам, господине претседателе, сакав посебно да Ви се обратам, бидејќи Вие навистина сте избран од парламентарното мнозинство, меѓутоа Вие сте должен да се однесувате како претседател на Парламентот, а не како претседател на парламентарното мнозинство.

Дали ме слушате господине претседателе?

Еве, ќе Ви повторам, иако можеби слушнавте, но јас не знам дека слушнавте, претседателот на Парламентот избран од парламентарното мнозинство, многу пати не ми се допаѓаат Вашите коментари по секоја дискусија, особено на дискусиите од страна на опозиционите членови на Парламентот. Јас ќе Ве потсетам, Вие сте професор по Уставно право и јас сум убеден дека го знаете примерот со англискиот Парламент, каде претседателот на Парламентот се бира во согласност со опозицијата и каде веднаш по изборот тој претседател дава изјава дека се откажува да се кандидира за наредните избори, што значи обезбедува позиција на неутрален претседател, кој ќе го води Парламентот со доверба од страна на сите пратеници. Јас сум убеден дека Вие тој пример го знаете и сега ме чуди што Вие се ставате во улога да и држите некаков грб на Владата, кој можеби не и е потребен.

Срамота е, уште еднаш ќе повторам за Парламентот да го ограничува овој институт, а веќе тој е ограничен долго време исклучен, девалвиран на пониско рамниште, речиси не бил и не знам зошто Вие ризикувате како професор по Уставно право, студентите кога ќе предавате нешто од таа материја, да Ви постават незгодни прашања, бидејќи таму во книгите сигурно е дека не пишува да се прават вакви опструкции, врз работата на еден демократски парламент. (Негодување во салата). Вие можете да негодувате колку сакате господа, и да не бидете колегијални, парламентарни, јас никогаш нема да отстапам.

Претседателе, дали сите имаат збор од еднаш?

Јас нема да отстапам никогаш од тоа што сакам навистина да го кажам, дали некому тоа му се допаѓало или не, меѓутоа прекинете ја оваа лакрдија со многу

институти од парламентарната демократија, па вклучително и со овој институт, пратенички прашања.

Владата нека покаже подготвеност да одговара на сите прашања без ограничувања, а од идниот пат вратете ја работата на своето место и пред секоја седница нека има пратенички прашања, па нема да се натрупува толку материјал и толку пратенички прашања, поради кои ќе има дисконтинуитет во работата на нашата Влада.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Петар Гошев, таман си ги искористи своите пет минути.

Сакам да Ви кажам следното:

Прво, сите сме сведоци дека ние дневниот ред го утврдуваме најмалку од два до три часа и при тоа не само што поставуваме пратенички прашања, туку бараме информации и ги добиваме.

Ќе Ве молам, ова не се случува за прв пат, на ни еден пратеник не му е ограничено пратеничкото право да поставува прашања.

Јас ќе Ви дадам преглед колку информации сте добиле, колку пати сте поставиле прашања на редовни седници, а не на вакви специјални седници.

Според тоа, немојте сега овде да се правите дека Ви се ускратени демократските права да поставувате пратенички прашања.

Друго е прашањето дали надлежниот министер Ви одговорил или потпретседателот бил тука па тој прифатил да Ви одговори.

Но, прашањето е поставено, мнозгумина имаат добиено информација, за жал некои немаат добиено информација, за тоа можеме да расправаме, но не е ускратено тоа право и пред јавноста да не се добие впечаток дека тоа право е ускратено.

Ова е едноставно двобој помеѓу законодавната и извршната власт.

Ако е така поставен тој двобој, во тој случај, дозволете да има што повеќе учесници во него.

Во тој дух јас се откажувам од предлогот, но ќе Ве молам бидете парламентарни меѓу себе, немојте да го злоупотребите времето на другите, придржувајте се џентлменски на тие пет минути и ќе Ве молам, како да не сум го поставил предлогот.

Да не зборуваме понатаму.

Процедурално господинот Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата.

Бидејќи дадовте предлог околу поставените пратенички прашања да не бидат подолги од пет минути, го повлековте тој предлог, јас како пратеник имам право да предложам секое пратеничко прашање да не биде подолго од пет минути, да има ограничување од пет минути, а и одговорите на министрите да не бидат подолги, за да имаат што поголем број пратеници можност да поставaт прашање. Минатата седница за поставување на пратенички прашања траеше два дена, па јас не успеав да го поставам моето пратеничко прашање.

Од тие причини го давам овој предлог и Ве молам да го ставите на гласање, пред пратениците да се изјаснат по тој предлог, дали сакаат или не сакаат дискусиите да бидат пет минути, односно да не бидат подолги од пет минути.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас не знам како ќе биде со гласањето и дали ќе се прифати или нема да се прифати тој предлог, меѓутоа, доколку не се прифати, доколку остане слободна дискусија без ограничување, јас ќе го замолам претседателот на Собранието, да ги искористи своите можности, да не се доведеме во ситуација од едно пратеничко прашање, без разлика кој ќе го поставува, да дојдеме во ситуација да слушаме коментари, анализи кои ќе излезат надвор од тоа пратеничко прашање.

Вие како претседател имате можност да интервенирате во таа насока, па ако се создаде фама денеска, дека некој некого ограничува, односно му ги ограничува неговите загарантирани права во рамките на Уставот, користете ги Вашите можности како претседател на Собранието, да ги насочите дискусиите во насока на прашања, а не во насока на дискусии, анализи, коментари, инсинуации, кои ги слушаме цел ден, шпекулации и што не. Значи, да се ограничиме во насока на пратенички прашања.

Ми се чини дека никој нема намера овде некому да му одземе право да постави пратеничко прашање, ми се чини дека

опозицијата тоа вешто денеска го манифестира, користи, според мене, добронамерни предлози за некакво жалење или манифестирање на некаква комплексна инфериорност во насока дека некој ги ограничува.

Мислам дека никој од нас нема намера да ги ограничи во тоа да не можат да постават прашање, туку имавме намера да се создаде една рамка за нормална дискусија. Ако тоа не се прифаќа, еве во насока на една добронамерност повторно од наша страна, користете ги Вашите можности да има едно нормално работење со пратеничките прашања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека ќе настојувам да бидам доволно концентриран и сепак да укажувам во поставувањето на прашањата да видиме на кого се поставени, да биде јасно поставено прашањето.

Во тој случај ќе Ве молам, сепак да не одиме, еве опозицијата укажува, добро, има аргументи, да не ја злоупотребиме оваа институција, во тој случај да не го ограничуваме, но Ве молам да се уважуваме меѓу себе кога ќе поставуваме прашање, да го имаме во предвид фактот дека и друг сака да постави прашање.

Значи, да бидеме рационални во поглед на користењето на времето, бидејќи овде има многу луѓе колеги, кои сакаат да постават прашања.

Повелете господине Амди, па да заклучиме.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе, мислам дека мојот предлог беше многу дециден. Сакам да направиме мир во Парламентот за да нема проблеми, сигурен сум дека сите пратенички групи ќе ме поддржат, инсистирам мојот предлог да го ставите на гласање, секој први во месецот, првиот понеделник и вторник да имаме пратенички прашања. Инсистирам да се гласа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тука е премиерот, ќе се договориме, тој ги слушна предлозите, ќе се договориме, па ќе видиме како ќе биде, затоа што Владата е многу динамична, тука се потпретседателите, па ќе видиме дали ќе имаме почести средби.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе, јас барам од пратениците да биде на гласање, а не од Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Нема што да гласаме по ова прашање, не можеме деловнички тоа треба да се види.

Одиме понатаму не го ограничуваме времето, но оставаме на секој пратеник самиот да се само граничи во смисла на поставувањето на прашањата.

Јас велам да не го гласаме, бидејќи мнозинството ќе го изгласа, а не треба. Нека остане така.

Ве молам повлечете го предлогот.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Претседателе, јас дадов конкретен предлог, јас инсистирам на тоа тој предлог да биде ставен на гласање, да не ги повторувам причините зошто инсистирам. Најмалку причина за ограничување на пет минути е тоа да не можат пратениците од СДСМ да постават прашање, напротив, погледнете ги пријавените на мониторот, јас ќе Ви кажам, а го имам погледнато листингот првите 10-15 се од позиција. Ако тие завлечат по 10, 15, 20 минути едно пратеничко прашање да го поставуваат, ни еден од страна на СДСМ или ПДП нема да дојде во ситуација да постави пратеничко прашање. Не дека сум јас нивна месија, па ги бранам нив, во нивен интерес го правам ова, но нека стане господинот Бранко Црвенковски и нека види кој е на ред да постави пратеничко прашање, јас му гарантирам дека петтиот ден по ред нема да дојде во ситуација да го постави тоа прашање. Јас кога ќе дојдам на ред, јас сум некаде десетти, половина час ќе зборувам на сите министри ќе поставам прашање, па одговори како што е нивниот стил, јас ќе си ги поставам прашањата, па ќе барам одговори, тие нема да бидат во ситуација да ги постават сите прашања, а не ние како позиција.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Ханџиски бара процедурално, но се откажува.

Има збор господинот Црвенковски процедурално.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине претседателе, би сакал да расчистиме една работа, бидејќи може да ни создаде многу не угодности во натамошното функционирање на Парламентот.

Имено, ме интересира, како е можно на мониторот да има десет пријавени дискутанти од страна на парламентарното мнозинство, кога

расправата не е отворена и кога Вие не поставивте прашање кој бара збор. Со други зборови, тоа е многу битно прашање, сакам да Ве прашам, дали некој може да дојде ...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе се избрише од оној момент кога ќе го отворам, тогаш ќе следи пријавувањето.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Како воопшто е можно, дали некој може уште од сабајле или од навечер да дојде, да се пријави за дискусија и на тој начин да прави опструкција, јас не сум го погледнал мониторот, гледам дека некој ги погледнале мониторите и дека веќе имало некаков список.

Вие уште не ја отворивте расправата, никој не може да биде пријавен за збор и се поставува прашањето како господинот Пандов видел дека веќе десет души од парламентарното мнозинство се пријавени и први ќе земат збор. Тоа е едната работа.

Втората работа, предлогот за временско ограничување на дискусиите пред малку беше укажано деловнички, не може да се однесува на институтот пратенички прашања, бидејќи е посебно дефиниран.

Од тие причини ваков предлог Вие не можете да го ставите на гласање, бидејќи согласно Деловникот, тоа не е можно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ако го гледате Деловникот каков што е сега, ќе најдеме дека е можно.

Но, исто така, ако гоземеме англискиот пример на кој ме потсети господинот Петар Гошев, тој е фантастичен пример за една демократија која има два три века зад себе и каде исто вака се расправале како ние денеска.

Но, нешто друго сакам да Ви кажам.

Навистина мислам господине Пандев да ја прекинеме оваа расправа, навистина да покажеме ширина.

Ова што е овде на екранот, ова не важи, ова ќе се избрише до оној момент додека не го отворам.

Екранот е отворен во оној момент кога Вие влегувате и ја ставате картичката, затоа ги има. Тоа ќе се избрише.

Во моментот кога ќе речам да се пријавите за расправа, тогаш произлегува, оставете што пишува овде.

Дајте да поминеме на точката од дневен ред, бидејќи се не стрпливи членовите на Владата кои сакаат да одговараат.

Господа пратеници, Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговор на пратеничките прашања на пратениците: Ристо Спанаков, Аслан Селмани, Данило Глигоровски, Љатиф Пајковски, Алија Шахиќ, Благоја Стојковски, Кирил Настевски, Трајко Гешовски, Насер Зибери, Фадил Бајрами, Борислав Трповски, Хисни Шаќири, Никола Јованов, Стојан Ковачевски, Назми Кадриу, Љубомир Поповски, Лазар Китановски, Мирко Иванов, Наталија Марковиќ - Димова, Павле Тодоровски, Илија Илоски, Крале Спанчевски, Никола Поповски, Диспина Марковска, Нано Ружин, Кастриот Хаџиреџа, Илија Филиповски, Ненад Ристески, Радомир Карангелески, Миланчо Черкезов, Коце Трајановски, Васил Гаџовски, Ризван Сулејмани, Ѓулистана Марковска и Љупчо Анушев.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања, во врска со истите, имаат дополнителни прашања, во врска со поставените прашања.

За збор се јави г. Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Најнапред да го искористам своето право, да констатирам дека дел од овие прашања, се апсолутно депласирани, бидејќи доаѓаат на седница по година дена. Не сакам да ги набројувам да не губам време. Владата може да си ги провери, тие се сосема неактуелни, поминало времето, за да се избегне да се одговори на прашањата.

Единствено сум задоволен од одговорот на поранешниот министер за внатрешни работи г. Павле Трајанов, на моето прашање, дали има ОВК во Македонија, одговара потврдно, дека во тој период 1999 година, имало единици на ОВК во Република Македонија, меѓутоа тоа не соодветствува со некои изјави на Владата или на премиерот, дека во Република Македонија нема ОВК.

Задоволен сум од одговорот на тогашниот министер.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави во врска со тоа дали е задоволен или не г. пратеник Благоја Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници.

Дали сум задоволен од одговорот, не знам, меѓутоа ќе го прочитам одговорот и ќе дадам свој коментар. Мислам дека заедно ќе утврдиме дали сме задоволни, или пак се работи за нешто друго.

Поставив прашање до Министерството за образование, зошто доцни изградбата на Основното училиште "Христијан Тодоровски - Карпош" во с. Младо Нагоричани и од ова Министерство, под број 24, 84/1, добив следен одговор: објектот Основно училиште во с. Младо Нагоричани, кое финансирано преку Проектот за рехабилитација на образование од Светска банка, на Објектот активно се работи до почетокот на учебната година, т.е. до крајот на август 1999 година, ќе биде предаден во употреба. Објектот од предавање во употреба, кумановски кажано, абер нема. Како да бидам задоволен, или незадоволен. Објектот е само кровно патосиран, оставен на време и невреме. Меѓутоа, ова е одговор од Министерството за образование.

Од истото Министерство за образование, исто така поставено прашање, под ист број одговор, само под 2, за тоа, дали ќе започне реконструкција на училиште "Христијан Тодоровски - Карпош" во с. Тромеѓа, кое исто така треба да се финансира преку Светската банка, за рехабилитација на образованието во 1999 година, одговорот е следен: Основното училиште "Христијан Тодоровски Карпош" во с. Тромеѓа, опфатено со Проектот за рехабилитација на образование од Светска банка, втора фаза, работа на санација и реконструкција на истото, ќе отпочне во втората половина на месец јули 1999 година.

Одговорно тврдам дека во тоа училиште, уште ниедна шајка не е закована, а не да е започнато. Дали сум задоволен или сум дезавоиран, да кажам, полош збор, пратеникот е обманет со овој одговор. Ова одговорно со факти го кажувам, а исто така, дали сум задоволен од одговорот, за кој навистина можам да кажам дека потполно не сум задоволен, меѓутоа имам одговор од Министерството за екологија, кога прашав дали ќе почне со изградба на една почистителна постројка, наречена "ајнороби" така е наречена и така еден проект има изведено во Петровец, Инаку, колку знам и колку во тоа време се интересирав, е направен во Петровец, меѓутоа од ова министерство, добив одговор дека немаат никакви сознанија за еден ваков проект. Направив напори преку работната организација простор и поранешен раководител за урбанизам, што беше во Републиката, да стапат во контакт со Министерството за екологија, бидејќи тие го правеа проектот и требаше да започне.

Инаку, проектот е многу битен за Куманово, затоа што свињарската фарма е најголемиот загадувач на Реката Кумановка. Таму не постои ниту животински ниту растителен свет, меѓутоа сега секој петок, кумановци сите што живеат покрај реката, од испуштање на отпадните води не можат да живеат. Дали министерот за екологија, доколку стапи во контакт со овие работи за кој што сакав јас да помогнам, дали нешто во тој контекст има за дополнување. Инаку, јас делумно сум задоволен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас го молам најнапред министерот за образование, г. Гале Галев, во врска со првите две прашања, дали има свои коментар и свој одговор.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Овие прашања што беа поставени во времето пред моето доаѓање до Министерството за образование, тече еден проект за рехабилитација на образованието и во рамките на него има други пет потпроекта.

Еден од потпроектите се оние што се нарекуваат градежни работи. Во рамките на тој потпроект, во Програмата, поддржувана од Светската банка, се влезени 30 училишта, по барање од Министерството во тоа време меѓу 250 и 300 училишта.

Работата на изградбата на овие училишта е почната 1997 година, а продолжена во 1998 година, поминато е во 1999 година, а еве сега сме 2000 година.

Во рамките на тој потпроект, од вкупно 30 училишта, во првата фаза се 19 училишта. Од тие 19 училишта 16 се готови, последното училиште беше од Горно Жупа и бев таму на неговото отварање.

Училиштата за кои овде станува збор се од првата фаза, значи отпочнати се 1997, 1998 и 1999 година а сега сме 2000 година. Точно е тоа таму има проблеми, на тој план, проблемите не се од вчера, затоа ги спомнувам годините. Јас што направив? Ги повикав изведувачите, дојдоа во Министерството, има и

подизведувачи, ги ставивме сите работи на маса, ги констатиравме обврските на едната и на другата страна, она што е дел од Министерството си го презема да си го изврши, а она што е дел од изведувачите, превзедоа обврска, направен е протокол, утврдени се рокови, во кои работите треба да бидат завршени. Овде има многу проблеми, на тој терен. Јас зборувам овде, за 19 училишта, значи има уште 11 училишта. Тие три училишта, од првата фаза, кои се провлекуваат скоро четири години, заедно со втората фаза, во која има 11 училишта, заклучно треба да завршат на 31 декември 2000 година. Во петок би требало да излезе повикот, кој е упатен до градежната оператива, да се вклучат во изградбата на останатите 11 училишта. Јас овде можам да превземам обврска и сум ја превзел, спрема г. од Светската банка, од мојата Влада, ако сакате и пред премиерот, дека овој дел од превземените обврски, во рамките на проектот од Светска банка, поддржувани со неколку грантови од Холандија и од Швајцарија, ќе бидат навремено завршени. Така што паралелно со работата на 11-те училишта, ние во летниот период, со некои работи, толку колку што ќе им биде допуштено, да не ја пореметиме наставата во училиштата, ќе се отпочне и сега и во летниот период овие три училишта, работите ќе бидат комплетно завршени и ќе одговориме на барањата пред Светската банка, бидејќи тој проект е поврзан со еден нов проект кој тече во Министерството за образование, насловен како стратегија на образованието и нашиот испит на успешно полагање на овој терен, ќе биде услов за поддржување на еден друг голем проект кој ќе тече некаде околу 3 години, кои исто така, ќе биде финансиски поддржан.

Јас тоа можам го кажам, во поглед на она вие што го поставивте, токму тие се тие две училишта, протоколот е потпишан, сите земаат свој дел од обврските, и јас верувам дека во текот на летниот период, овие работи конечно ќе бидат завршени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот Гале Галев.

Дали г. Благоја Стојковски е задоволен од одговорот.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Јас го сфатив одговорот дека во 2000 година Основното училиште "Христијан Тодоровски Карпош" во с. Младо Нагоричани ќе биде завршено. Исто така, го сфатив одговорот дека друго училиште во с. Тромеѓа, која е подрачна единица од О.У. - Х.Т. Карпош, во летниот период ќе започне со реконструкција.

Ако е така, јас потполно сум задоволен од одговорот.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Јас кажав. Договорено е активностите се почнати.

Верувам дека во летниот период овие работи ќе бидат завршени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам министерот за екологија, бидејќи имаше прашања и до него.

**ТОНИ ПОПОВСКИ:**

Договорот за станицата за прочистување е евидентиран во Министерството. Ние правиме напори за станици за прочистување во индустријата. Бидејќи имаме лимитирани средства овој проблем го отвораме пред странските донатори, во функција на подобра презентација на проектот, за оваа станица за прочистување сме подготвени, за ревизија на проектот, да го направиме што по квалитетен и оваа година постојат шанси. Бидејќи склучена програмата за соработка со ЈУ-ЕСТ-Ејди, оваа интернационална агенција за развој, на САД, уште во текот на оваа година постојат шанси да бараме едно решение преку програмата за соработка со ЈУ-ЕСТ-Ејди.

Доколку состојбата е влошена, за што немаме добиено претставка, за што може да се вклучи инспекцијата, по пат на ова пратеничко прашање, можеме да направиме интервенција, односно увид на лице место.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали г. пратеник е задоволен.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Јас сум потполно задоволен со одговорот. Мислам дека се работело во ова министерство на овој проблем и морам да кажам на крајот барањето од министерот и превземањето на обврска, дека инспекциските органи ќе поведат малку ред, јас би го замолил тоа да биде секогаш во сабота или недела, бидејќи овие луѓе кои работат воглавно во петок, преку ноќните часови, прават она што не би го правел никој. Меѓутоа, мислам она што го кажам министерот, дека ќе превземе мерки задоволен сум од одговорот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас би сакал г. пратеници да го поздравам г. претседател на Републиката, за прв пат доаѓа и ја искористува претседателската ложа. (Аплауз).

Има збор г. пратеник Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Веројатно г. претседателе Вие имате евиденција на кои прашања воопшто не е одговорено, па да не се јавувам по втор пат, ќе се обидам накратко да направам една синтеза на прашањата на кои е одговорено и на кои не е одговорено.

Имав поставено пратеничко прашање во врска со изградбата на хидроелектраната Чебрен, до каде се активностите, на тоа прашање министерот Кадиевски, во тој момент тие сознанија што ги имаше даде одговор, од него бев задоволен, освен ако министерот нема дополнителна информација, што во овој период, од тогаш, откога се постави тоа прашање до денес е направено, после потпишувањето на Меморандумот за разбирање, со една австриска фирма, односно конзорциум.

Сакам да кажам дека на прашањето за отворање на еден нов граничен премин, помеѓу Република Македонија и помеѓу Република Грција преку превојот Пулевац во Мариовскиот регион, воопшто не е одговорено, а се работи за премин кој што би требало да биде некаде помеѓу преминот во Битола и Гевгелија, на растојание од 100-тина километри и кој што е многу битен за развојот на целиот тој Мариовски регион, за кој знаеме дека е запоставен. На тоа прашање немам одговор.

На прашањето во врска со фабриките за наменско производство “11 Октомври" и Сувенир од Македонски Брод, имаше солиден одговор, министерството ги појасни сите работи, меѓутоа проблемот што се провлекува во врска со стартирање на наменското производство, зборувам за две министерства за одбрана и за внатрешни работи, дојде многу доцна и недоволно, така што проблемите остануваат се уште недорешени.

Одговорот е интересен што го добив од Министерството за внатрешни работи, во врска со трибината што ја држеше претседателот на СДСМ Бранко Црвенковски во Прилеп, каде што на еден насилнички начин беа малтретирани луѓето и гледачите и одземани видео лентите од камерите и т.н. Одговорот беше дека во МВР нема пријава за таква работа, интересна работа, демек органите за внатрешни работат само врз основа на пријава, а не се тие што гледаат и самите тие да поведат постапка. Сакам да напоменам дека сето тоа се случуваше пред очите на органите за внатрешни работи.

Останува прашањето во врска со откупот на тутунот, имаше поставено прашање, меѓутоа имајќи предвид дека имаме Информација, која што веројатно ќе ја разгледуваме во текот на една од наредните седници, јас ќе се вклучам во врска со откупот на тутунот, особено со прашањето што ќе се случи со можноста за осигурување на тутуно - производителите на оние на кои што им е единствено занимање и други прашања. Значи, веројатно ќе имаме прилика да разговараме тогаш како информација што е доставена од страна на Министерството за земјоделство.

Во врска со изградбата на депонија за опасен отпад во месноста Криволак, ми се чини, Министерството тогаш даде доста информации и известувања и во јавноста и контакти со граѓанството, а во таа суштина беше и прашањето и можам да кажам дека од таа постапка сум задоволен, а како ќе тече понатаму постапката, дали таа депонија ќе се гради, тоа е друго прашање.

На прашањето во врска со телевизискиот прием на повеќе села од Богомила и други општини, сум задоволен, бидејќи имаше така да речам информации и ослободување од плаќање на надоместокот за телевизија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Кирил Настевски.

Ќе ве молам, значи господинот пратеник во суштина се наврати на две прашања на кои што не му е одговорено.

Тоа е прашањето во врска со активирањето на хидроцентралата "Чебрен".

Мислам дека министерот за урбанизам и градежништво господинот Душко Кадиевски ќе ни одговори.

**ДУШКО КАДИЕВСКИ:**

Само да ве поправам, пратеникот е задоволен од одговорот во тој момент, Сега беше прашањето дали има некои активности во периодот за кој нема информации. Што се однесува до техничката страна, браната претрпе некои измени. Значи сега нема висина од 192 метри, туку има висина од 160 метри. Потпишан е договор со висина од 160

метри врз база на изработени студии од три еминентни институти од светот, од Турскиот институт, Австрија и Американски институт, кој кажуваат дека рентабилноста на браната е од 160 метри. Тоа е техничкиот аспект.

Што се однесува до финансирање на браната сега финансиите ќе изнесуваат 233 милиони долари, а не 400 милиони долари, како што беше во првиот случај, ќе биде 50% кредит од Европската банка и 50% СОФТ кредити. Тоа е што се однесува до браната.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе Ве молам господине Настевски, дали сте задоволни од одговорот? (Задоволен е).

Во однос на второто прашање ќе причекаме до утре, на утрешната седница ќе дојде министерот за надворешни работи, па евентуално ќе одговори за овој граничен премин спрема Грција, така што не е во можност сега да ви се одговори на тоа прашање.

Тој утре ќе биде присутен на седницата и ќе одговори.

Збор има господинот пратеник Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата почитувани пратеници, иако помина скоро една година од седницава која беше посветена на пратенички прашања, уште ден денес немам добиено на едно мое пратеничко прашање поставено во тоа време, а кое прашање нема изгубено од својата важност или актуелност до ден денеска. Па, затоа барам од Владата да си најде засходно да одговори и на ова прашање, а кое се однесува до бројот на Албанците вработени во секое министерство посебно. Значи, бројот на Албанците вработени во секое министерство посебно. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Навистина вие имате поставено прашање, гледам овде, бројот на вработените лица од Албанците во секое министерство одделно, за тоа немаме добиено одговор. Ќе го молам министерот за труд и социјална политика, односно потпретседателот на Владата Бедредин Ибраими, да одговори.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Со воведувањето на регистарот на јавните државни службеници веќе се комплетирани и набргу пратеникот ќе го добие одговорот во однос на структурата на вработените во државната администрација, управата и јавниот сектор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволен господине пратеник? (Задоволен е).

Збор има господинот пратеник Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Доколку веќе се сеќавам зашто помина повеќе од една година, јас имав поставено две прашања. На едното ми е одговорено, за кое сакам да се произнесам и за кое имам дополнителни прашања.

А, за другото, да ве потсетам господине претседателе дека се уште очекувам одговор од Министерството за надворешни работи, по однос на странската помош за поддршка на Република Македонија, по однос на згрижување на бегалците од Косово во Македонија. Така што, би замолил да ги упатите службите уште еднаш да се обратат до Министерството за надворешни работи, конечно да го добијам тој одговор.

Второ, имав упатено прашање до Министерството за сообраќај и врски, по однос на изградбата на автопатот Скопје - Тетово. Моето прашање беше околу приклучувањето на десетина села од општина Сарај во автопатот. Добив негативен одговор, односно дека Владата не предвидува отворање на приклучок за овие села во Буковичка, како што беше претходно предвидено, а меѓувреме продолжи изградбата на автопатот, со што до крај е руиниран и оштетен локалниот пат, кој владата предвидува да биде пат кој ќе ги поврзува 20.000 жители на оваа општина со градот Скопје.

Прашање до ресорното Министерство, по можност усмено да ги добиеме, а ако не прифаќам и писмено. Што предвидува Владата по однос на одржување и доведување во исправна состојба на локалниот пат Скопје - Тетово преку кој се поврзуваат општините Сарај и Желино со соодветните градови Скопје и Тетово. И, дали предвидува проект за доизградба на овој пат.

Второ, со изградбата на автопатот, всушност се исечени селаните од десетина села од општина Сарај со нивите, кои се наоѓаат од другата страна на автопатот. Според досега изведените работи, не се предвидуваат помошни патишта, кои според регулативата би требало да постојат, за да можат граѓаните да ги обработуваат и понатаму своите ниви.

Прашање до истото Министерство, што предвидува ресорот, односно Фондот за патишта околу разрешување на проблемот со

поврзувањето на селата, односно селаните со нивните ниви кои се наоѓаат од другата страна на автопатот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник.

Ќе го молам министерот за сообраќај и врски, господинот Боби Спирковски, дали може да одговори по овие прашања на оваа седница.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Добро, на дел сигурно дека можеме да дадеме коментар, но ние одговор дадовме на пратеничкото прашање. Суштината на одговорот беше во тоа дека во функција на изведување на автопатско решение, не можеме да реализираме приклучок со секое населено место, кое што навистина во таква ситуација ги губи врските со главниот пат. Тоа не може да биде автопат. Ако секое населено место има приклучок со ваквото автопатско решение, тоа не е автопат. Тука има стандарди кои се универзални стандарди, во градежната сфера се и тука никаква политика не може тоа да го промени.

Меѓутоа, сигурно овој втор дел што го кажува пратеникот врзано за локалниот пат и настанатите оштетувања таму во рамките на Програмата за одржување на локалната и регионалната инфраструктура, која што пред неколку седници помина на Владата на Република Македонија, по барање на Фондот, предвидени се средства и за таква намена, особено кога во функција на изградба на автопатот зголемен интензитет беше користен и се уште ќе биде користен, бидејќи тоа не е завршено прашање и локалниот пат. Се она што ќе биде направено како оштетување, ќе биде репарирано.

Инаку, ќе останат дел од проблемите за кои што говореше пратеникот врзано за самата траса на автопатот, бидејќи тоа во принцип е болно прашање. Некаде автопатот мора да помине и трасата е определена години и години наназад, ние тука некакви промени не можеме да направиме и сигурно е дека во едно такво решение се гледало што е поважно, позначајно, дали да се направи автопат или да се зачуваат интересите на селаните.

И, од автопатот тие ќе имаат полза во секој случај, затоа што ако постојат други решенија, ние сме спремни да ги разгледаме. Меѓутоа, засега автопатот не можеме да го поврзуваме и под автопатот да одиме со некои линкови, со некои врски, заради определени проблеми со кои се среќаваат селаните со нивите кои што се нашле на другата страна од автопатот.

Тоа е она што во моментот може да го кажам, но ако пратеникот бара по исцрпни информации, спремни сме и од фондот да побараме писмено да се обрати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали господинот Зибери е задоволен од одговорот.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Не, воопшто не сум задоволен и би го замолил министерот и писмено да ми одговори, оти очигледно не располага во моментов со доволно информации.

Најпрво, не се работи за секое населено место, господине министер. Се работи за еден приклучок, кој би ги поврзувал 15 населени места со над 20.000 жители. Тоа е едно.

Второ, не сум задоволен со делот на реконструкцијата на постојниот локален пат, од причина што во финансиската конструкција за изградба на Делницата Скопје – Тетово, има посебен дел на средства предвидени за доизградба и доведување во исправна состојба на постојниот локален пат.

Трето, вие не можете да им ставите пречка на селаните да ги користат своите ниви и својата своина со патот што ќе изградите автопат. Вие сте должни по правило да им обезбедите приод на тие граѓани и понатаму да си ги користат своите ниви и да ги обработуваат. Тоа е ваша должност, тоа е должност на Фондот, а тоа е и по меѓународни стандарди така предвидено. Вие тоа не можете да им го попречите со фактот што ќе градите автопат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине министер за сообраќај и врски повелете.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Прво, она што го прашува сега, не сакам да се навраќам на писмениот одговор за клучката во село Буковиќ. Ако на тоа мисли пратеникот, одговорот е даден. И, дали е задоволен или не, тоа е негово право, меѓутоа таму според сообраќајните прописи не може да се гради клучка и тоа е предмет на стручна расправа. Не можеме ние да расправаме од политички аспект за таа работа. За тоа стручњаците кажуваат последниот збор, а не политичарите, без оглед дали се министри или пратеници. Одговорот е даден. Ние друг одговор немаме за село Буковиќ. Тоа е одговор од стручните лица. Таму не може да се гради клучка.

За овие други решенија на исто сме. За локалниот пат тоа што го бара пратеникот

истото и ние го тврдиме. Меѓутоа, локалниот пат се уште се користи и тоа масивно. Штом се заврши автопатот, се што е направено како штета или потреба, не мора само како штета врзана за локалниот пат, се има да биде корегирано. Тука сме на исто и неговото барање и нашето мислење и став е секој оној кој што при користење на локалниот пат направил штета, а мораме да го користиме, внимавајте, Република Македонија нема за секое автопатско решение алтернативен локален пат, како што има во Франција, во Италија и не знам каде. Немаме таква финансиска сила секогаш да обезбедиме алтернативен пат.

Таму каде што има можности и каде што постои и ги одржуваме, тоа е богатство на државата и ќе ги унапредуваме. Таму каде што ги нема, дури граѓаните ќе бидат упатени сакале или не сакале да ги користат автопатиштата, додека РМ не успее да изгради секаде и алтернативни патишта. Во прашање се децении. Така што за локалниот пат сме на исто и не гледам зошто не би бил задоволен пратеникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Зибери дали сте задоволен од одговорот?

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Останувам на писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро ќе добиете писмен одговор.

Збор има господинот пратеник Фадил Бајрами.

**ФАДИЛ БАЈРАМИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас не добив одговор во дел од прашањето поставено за министерот за внатрешни работи, господинот Трајанов, кога прашав кој давал наредба за да се убива Беќир Лимани од Кичево во октомври 1998 година. Тој е убиен во својата куќа пред своите деца. До ден денес немам добиено одговор и барам писмен одговор од сегашниот министер.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе побараме да добиете писмен одговор.

Збор побара господинот пратеник Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Јас имав одговор на поставено прашање до министерот за сообраќај и врски, поради незадоволството на граѓаните на општина Струга, како матична општина на останатите општини во тој крај, заради спориот развој на поштата односно Телеком - Струга.

Одговорот што ми е даден е не аргументиран, зошто Струга не може да биде самостојна како организација на Телеком по примерот на други општини, кои што се и помали од струшката општина, меѓутоа самостојноста ги довела до многу повисок развој и просторен и технички.

Одговорот беше даден пред седум, осум месеци, меѓутоа еве досега ништо не мрднало, а се ветуваше дека има просторни и технички проширувања и т.н. Искуството на Струга, не само во оваа општина, конкретно сега на оваа тема е лошо, ако се најде како приврзок на Охрид. Ние, не е лошо кога се споредуваме со тоа до каде стигнала Охридската пошта и Телекомот, а на кој степен, на степен на провинциска пошта, на која што не одговара ниту за вработените, нема доволно ниту технички кадар, а и нема простор за странките, каде што се вршат услуги. Некој бил, некој не бил, некој може да се увери во ова што го говорам.

Значи, сум незадоволен од тоа што одговорот дека, Струга не може да биде самостојна пошта, самостоен телеком, не сум задоволен, затоа што уште еден аргумент кој јас тогаш го наведов, Струга претставува една од врвните пошти на услуги и по број и по финансиски ефекти, заради тоа што е тоа печалбарски крај, кој што телефонски комуницира со целиот свет и се прават врвно многу голем број на услуги.

Оттука, интересот на Телеком развојот на струшката пошта, струшкиот телеком да биде по забрзан, по комплетен, инаку ние сме на едно многу ниско ниво.

Се прават некои обиди во последно време, меѓутоа тие обиди за проширување на техничкиот и просторниот проблем се не успешни и воопшто не започнале.

Оттука, молам уште еднаш да се преиспита поставеното пратеничко прашање и содржината на одговорот на прашањето што не е поставено само во мое име, како пратеник, туку е во име на граѓаните, во име на вработените и во име на Советот на општина Струга. Дури и другите општини, на пример имаме конкретно и денеска барање, еве ќе го искористам моментот и општината Луково се гледа од тој заостанат развој на телекомот во тој крај.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Стојан Ковачевски.

Има збор г-динот министер Боби Спирковски.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Од одговорот на пратеникот на пратеничкото прашање, не гледам дека поинаков одговор може да има во моментов. Тоа е реалниот момент. Така е ситуацијата. Пратеникот и луѓето што ги претставува не се задоволни од развојот на телекомуникацискиот сектор во нивната општина и тоа што сакаат да бидат посебен центар, тоа е право на пратеникот и на граѓаните.

А.Д. Македонски телекомуникации е единствен интегрален систем и ние имаме огромен проблем сега, при имплементација на новиот план за нумерација да им објасниме на луѓето дека телекомуникациите одат на окрупнување, а не на раситнување. Некои градови што биле посебни телекомуникациски центри, дури носат и посебни кодови со бројки, сега упорно протестираат кај нас, зошто го губат тој статус. Ние им кажуваме дека Франција има два кода, цела една држава, толкава, огромна со 50 милиони. Постепено и Македонија ќе оди на окрупнување на кодовите и со тоа ќе мораме да се навикнеме. Сето она што до вчера било меѓу месен сообраќај, веќе станува градски сообраќај. Со тоа се соочуваме како со проблем и барање и на други градови и општини кои таквиот, условно кажано независен статус, го губат. Не треба да се плашат дека со окрупнувањето на телекомуникацискиот сегмент во државата, ќе изгубат некакви можности за развој. Тој станува интегрален. Гледате каков бум се постигнува во тој телекомуникациски сектор во светот и тоа ние го следиме. Нашиот Телеком е еден од подобрите, да не речам еден од најдобрите, техничко-технолошки гледано во регионот. Тоа сигурно ќе го следи и развојот на тој сектор во Струга, конкретно.

Ако во тој развој заостанува, секако можеме да направиме напор, преку Програмата за инвестиции и развој на самиот Телеком, да дадеме приоритет на Струга. Но, не и да инсистира да стане независен центар, што дефинитивно отстапува од генералната стратегија на телекомуникацискиот сектор, што ја води Владата на РМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот министер.

Г-дине Ковачевски, повелете.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Не се работи за некоја формална самостојност, да не бидам погрешно сфатен. Јас аргументирав дека досегашниот статус на Струга се одрази во степенот на развојот. Развојот до сега е никаков. Сигурно тоа Министерството го знае.

А, дали Министерството има план за развој на Телеком понатаму и дали Струга, нека не биде самостојна и во што е Струга предвидена во тој план за развој на Телекомот во Македонија. Дали постои план за развој?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете г-дине министер.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Во рамките на својата Годишна програма, Телекомот како претпријатие што сто посто е се уште на државата, има точно определена програма за секоја година колкави пари и каде ќе ги користи за развој. Тој работи на база на програма.

Во рамките на таа програма беше и одговорот на претходното пратеничко прашање, што за таа година беше предвидено за Струга. Пак ќе кажам, ако Струга се чувствува неразвиена од аспект на Телекомот, тука и те како има фронт и простор за акција и на Владата на РМ, па и на ресорното министерство. Но, ако го гледаат исправањето на состојбата во поинаков статус и отцепување од Центарот во Охрид, ние тука не можеме да помогнеме. Тоа не може да се случи.

За второто, има простор за развој.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Ковачевски повелете.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Само кратко, јас би го молел министерот, ако е можно едно мало проширување на одговорот на моето поставено прашање за развојниот план, за развојните планови на тој крај, конкретно на Струга, во областа на телекомот. Не барав јас годишна програма, туку подолгорочна програма за развој на телекомот во тој витален дел на државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во тој случај писмено ќе добиете таква една информација.

Збор има г-динот пратеник Трајко Гешовски.

**ТРАЈКО ГЕШОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани пратеници, моето пратеничко прашање пред една година беше за изградбата на третата коловозна лента, додатна лента на патниот правец Градско - Прилеп на превојот Плетвар.

Во одговорот од Министерството за сообраќај беше нотирано дека со изградбата на новиот патен правец Титов Велес, преку

Бабуна - Прилеп, овој патен правец Градско - Прилеп ќе се растовари.

Меѓутоа, сведоци сме дека на најновата Конференција за донација во Брисел во Пактот за стабилност беа неколку проекти за изградба на патна мрежа во Македонија и тоа Проектот за заобиколниот пат околу Скопје, изградба на патот Тетово - Скопје и Автопатот Градско - Демир Капија. Овој патен правец, мислам дека е М5 во оваа План - програма е изоставен.

Уште еднаш апелирам до Министерството за сообраќај и врски, до Министерството за урбанизам и градежништво, до целата Влада што по итно да се изгради оваа трета лента на овој патен превој. Само Плетвар во Македонија нема додатна лената од овие висински превои. Значи, само Плетвар нема трета лента.

Затоа апелирам што поскоро да се изгради оваа трета лента. И поради тоа што, јас по професија сум хирург, работам на одделението Хирургија 23 години. Сведок сум на огромен број на сообраќајќи, огромен број на инвалидизирани лица, на тешки оштетувања, економски и материјални на чинителите во сообраќајот и зборувам во името на граѓаните на Прилеп, Битола, Ресен, Крушево, Кавадарци, за што поскоро да е почне со изградба на оваа трета лента. Не мора целата траса да биде со трета лента. Може само оние критични места каде што се случуваат овие сообраќајни несреќи. Со тоа би се заштитиле и ние, како пратеници и граѓаните, а знаете дека пред неколку месеци настрада и наш пратеник на овој патен правец Градско - Прилеп.

Затоа уште еднаш апелирам, што поскоро да влезе во Програма изградба на оваа трета лента. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Трајко Гешовски.

Повелете г-дине министер.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Сите овие аргументи што ги кажа пратеникот стојат. Даваме и ние исклучително значење на овој патен правец и на проблемите што таму ги имаме. Тоа ни е едно од најтесните грла во државава.

Еве, да информирам дека во текот на оваа година трите нај критични километри околу Плетвар се влезени во Програмата и ќе бидат изградени и дека се издвоени средства врзани за изготвување на главен проект за трета лента. Така што има новини, во тек сме со работите што се случуваат таму, водиме сметка и еве најново е дека во текот на оваа година тие најкритични три километри ќе ги изградиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Гешовски дали сте задоволни? (Задоволен е).

Има збор г-динот пратеник Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, јас поставив пратеничко прашање на 21 мај 1999 година, упатено до Министерството за внатрешни работи, дали МВР води истрага во врска со спроведените полициски акции на откривање марихуаната на македонско - грчката граница и на оружјето и друг воен материјал во село Лојане. Дали има индиции, иницирани се кривични пријави против сторителите, ако не, во спротивно, зошто до сега тоа не е направено.

Одговор на ова мое поставено пратеничко прашање до соодветните органи беше датирано дека е испратено во јули, меѓутоа сите во папка како пратеници ги добивме овие одговори сега, непосредно пред можеби месец - два и т.н.

Заради јавноста, бидејќи ние овие прашања не ги поставуваме заради себе, јас како пратеник или пак заради господата министри од Владата, меѓутоа заради јавноста јас би сакал да ја информирам каков одговор добив на тоа прашање и тогаш ќе кажам дали сум задоволен јас лично, а самата македонска јавност нека процени. Така што, одговорот следи:

"Во врска со откривањето на марихуаната на македонско - грчката граница, односно на Граничниот премин Богородица, поднесена е кривична пријава против Фејзулари Бајрам, 43 годишен, од Република Албанија, со времено престојувалиште во Струга, во негово отсуство. Од страна на Интерпол е издадена потерница по лицето за негово пронаоѓање и лишување од слобода. Инаку, случајот е предаден во надлежност на Основниот суд во Гевгелија".

Тоа е дел од одговорот, односно на дел од поставеното прашање.

Второ, "Во врска со пронајденото оружје во приколка од трактор во близина на месноста Сува Река и шест објекти и помошни простории во село Лојане – Кумановско, е поднесена кривична пријава против лицата Арифи Устрин, Арифи Ризван и Исени Џемаил, сите од село Лојане – Куманво, кои

се наоѓаат во бегство".

И на крајот, последниот пасус од одговорот, "Во врска со пронајденото оружје во рудникот крај село Лојане, беше поднесена кривична пријава за кривично дело недозволено држење оружје и распрскувачки материјали, против непознат сторител". Инаку и двата случаи се во надлежност на Основниот суд Куманово.

Тоа е одговорот на моето поставено пратеничко прашање. Јас воопшто не сум задоволен од ваквиот одговор, меѓу другото од следниве причини:

Прво, марихуаната на македонско - грчката граница е фатена во еден огромен камион, на кое што спектакуларно фаќање беше присутна целокупната свита од македонската Влада, на чело со г-динот премиер. Се поставува прашање кој бил возачот на тој камион, фатен тогаш? Дека тој имал сувозач, исто така со име и презиме?

Трето, дека има или постои, нормално сопственик на тој камион со име и презиме.

Четврто, веројатно, бидејќи беше спомнувано од некого препакување на таа марихуана, исто така има некои лица со име и презиме кои тоа го направиле.

Меѓутоа, како што гледаме, ние добиваме одговор дека е поднесена кривична пријава на државјанин од Република Албанија, кој е во бегство. Значи, на четири субјекти кои биле присутни на лице место, немаме име и презиме кои се тие и што е со нив направено, односно дали се на некој начин индицирани и покрената е кривична пријава?

Истото се случува и со акцијата што беше во село Лојане или во тој атар, каде на очиглед на целокупната македонска јавност во тој период, па и во соопштенијата дека бил пресретнат трактор со приколица, која приколица била полна со оружје. Сега се поставува прашањето ако е веќе таа пресретната, значи на лице место е откриена и фатена, како е можно тројцата спомнати луѓе овде против кои е поднесена кривична пријава, се во бегство.

Според тоа, мислам дека апсолутно, што се вели, ако не е жална би било трагикомично, во едни очигледни процеси или акции на полициските сили, сепак на крајот, да излезе работата дека немаме вистински кривични пријави за вистинските учесници, туку е воглавном тоа направено за непознат сторител.

До толку повеќе, пратеничките прашања што се поставени, а во меѓувреме исто така е помината година, македонската јавност воопшто не е информирана дали после оваа година на тој план е нешто направено и дојдено до вистинските сторители на овие дела, мислам дека тоа е должност и на едно вакво пратеничко прашање дополнително да се одговори.

Од тој аспект барам и не сум апсолутно задоволен, тука не гледам претставник од МВР ниту министерот за правда, барам одговор ако е можно, ако не мислам дека треба да добиеме детален одговор за ова што го поставив дополнително како потпрашање. Ниту македонската јавност, ниту јас како пратеник што сум го поставил ова прашање, не можеме да бидеме задоволни со ова што на некој начин е дадено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Љубомир Поповски.

Тука е заменикот министер за внатрешни работи.

**ЕЛМАЗИ РЕФЕТ:**

За дополнителни информации, ако добиеме, веројатно писмено ќе одговориме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, ќе добиеме дополнително писмен одговор на овие прашања.

Ќе Ве молам, дали сте задоволен со ваквиот начин?

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Не можам апсолутно да бидам задоволен, бидејќи како што спомнав и самиот, помина веќе една година откако е тоа направено и мислам дека имаше доволно време МВР мене лично и македонската јавност да не информира што е направено на тој план.

Според тоа, мислам дека одговорот крајно не е соодветен и од таа страна барам да биде дополнителна информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе добиете дополнителна информација во врска со Вашето поставено прашање.

Имаме уште двајца, еве сега тројца пратеници, кои сакаат да се изјаснат по однос на поставените прашања од минатите седници.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, господо министри, имав поставено прашање и после тоа барав Информација за висината на штетите причинети од

невремето, што беше како природна појава во Преспа, во минатата година и тие одговори и изработка на Информација барав од Министерството за земјоделие.

Во образложението на моите барања, посебно сакав да бидеме информирани за висината на штетите што се причинети, а уште повеќе за мерките што ги презема Владата, за ублажување на последиците од штетите.

Одговор добив, во основа тој се однесува на прикажување на тоа што се случувало, меѓутоа во договорот отсуствува ангажман на Владата, во врска со мерките што треба да ги преземе за да се ублажат последиците.

Веќе помина подолго време, ја користам можноста да побарам дополнително образложение од министерот за земјоделие, во врска со овие мои покренати прашања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Бузлевски.

Има збор министерот за земјоделие г-динот Марјан Ѓорчев.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, во повеќе наврати беа поставени прашања од страна на пратениците во Парламентот на РМ, во врска со невремето што во еден период некаде во мај - јуни зафати повеќе општини во РМ, меѓу кои беше и општината Ресен. Се обидовме на сите тие прашања да одговориме на време и со оние податоци со кои располагаме како Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, имајќи предвид тоа дека, на база на информациите што ги имаме од подрачните единици на министерството во секој одделен регион, а тоа се вкупно 33 на подрачјето на РМ, формираат општински комисии кои вршат проценка на штетите, и врз база на тоа имаме информации за сите причинети штети во секој одделен регион. Во таа насока, мислам дека одговоривме на задачата.

Што се однесува до вториот дел од прашањето, во натамошна процедура сите тие проценки на општинските комисии одат до Републичка комисија за проценка на штети од невреме, при што морам да укажам дека задолжителна обврска на земјоделците, кога е во прашање изземање, односно штета од град, најчесто тоа беа штети од град минатата година, е да бидат осигурани по тој основ и на таков начин да се заштита од евентуалните последици од невреме.

Но, бидејќи штетите беа, на некој начин, доста значителни, како Министерство во Републичката комисија, секогаш имаме нагласувано дека би требало да се обесштетат оштетените граѓани во делот на одредени култури, како што е за Ресенско, но се уште Републичката комисија за проценка, за утврдување и проценка и надомест на штети, не се произнела со конкретен материјал во кој што ќе се определат износите за евентуален надомест на штета од невремето што го зафати Ресенско.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Во основа она што го слушнав од министерот го пишува во информацијата, така што тоа не е некоја новост за мене, која што сега имав прилика да ја чујам.

Не сум задоволен од одговорот, затоа што мислам дека нема сериозен приод кон расчистување на проблемите, кои што беа предизвикани од таа природна непогода. Затоа што станува збор за елементарна непогода, која што е регулирана со закон и за која што постапката е онака како што ја опиша министерот.

Меѓутоа, во основа не добив одговор која е висината на штетите која што процентуално треба да се спореди со бруто остварениот производ на ниво на општина. И дали во основа заради процентот кој што е проценет, како висина на штета земјоделците имаат право на надоместок. И уште повеќе не сум задоволен, затоа што министерот можеби тука ги помеша работите, бидејќи спомена дека за надоместување на штета причинета од елементарна непогода, во врска со падавини од град треба задолжително да бидат осигурени имотите. Задолжувањето на имотите е право на индивидуата, на индивидуалниот земјоделец. Тој ако се определи на таа своја активност, сигурно дека по друг основ ќе добие надоместок за она, за што има осигурено имот, а тоа е по основ на премија, која што би ја добил од осигурувањето.

Овде станува збор за Закон за елементарни непогоди. Во Републиката постои Фонд за алиментација на таквите елементарни непогоди. Сакам да ми се одговори дали проценките упатуваат на тоа дека процентот на настанатата штета е во рамки на дозволениот процент за надоместување на штетата на индивидуалните земјоделци и ако е тоа така, кога ќе се изврши плаќањето на штетата?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали може министерот да одговори

сега, или во писмена форма?

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Барањето се состоеше од два дела.

Прво, треба очигледно да се изготви во соработка со Заводи за осигурување точниот нивни правилник, за тоа кои се се осигурувања присутни во доменот на агрокомплексот што ние ќе го сториме. Мора во писмена информација.

Вториот дел на прашањето, е во врска со процентот на штетите третирани како елементарна непогода, кој што треба да биде исплатен во општините оштетени по тој основ, согласно одлуката и оценката на Републичката комисија за утврдување, оценка на штетите.

Па еве се обврзуваме во соработка со Републичката комисија, нашето ресорно Министерство да поднесе писмена информација, за тоа до каде се нивните естимации во тој поглед и на кој начин и кога и во кој износ ќе бидат обештетени вклучително и граѓаните од општина Ресен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволни од одговорот господине Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Јас сум задоволен, а би бил задоволен да бидат задоволни и граѓаните таму, а нема да бидам задоволен, додека тие нема да бидат задоволни.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници и господа министри, на претходната седница на која имавме поставување на пратенички прашања, поставив неколку прашања, на кои на две добив одговор, за овие две би прашал, бидејќи не бев задоволен од одговорот, т.е. не беа комплетно одговорени. Се однесува на овие две прашања.

Едното прашање беше за патот кој се гради меѓу Велес, Прилеп, Битола и мене ме интересира за делот од Велешкото Езеро "Младост" спрема Источна Македонија, спрема Штип, Кочани, Делчево. На тој пат мислам дека поодамна имаше направено идеен проект, а сега има и главен проект да се изгради отклонување на патот кај Велешкото Езеро пред наплатната рампа само шест километри и 200 метри и да излегува на месноста на Овче Поле, месноста Крива Круша.

Тоа прашање го поставив, заради тоа што патот кој сега се користи по кој се оди спрема цела Источна Македонија од Велес во велешкиот рид, е веќе пред распаѓање. Тоа сигурно ќе го потврдат сите пратеници, бидејќи тој пат беше тесно грло, потоа се прошири во три траки, сега овие траки пропаѓаат, бидејќи и самиот терен е голема угорница. Така што мислам дека е неминовно да се предвиди изградба на овие само шест километри и 200 метри од Велешкото Езеро до Крива Круша, каде што теренот е многу погоден и овие проблеми со угорницата нема повеќе да постојат.

Одговорот беше дека прашањето не било толку јасно поставено. Така беше кажано од заменикот министерот за сообраќај и врски. Министерот за сообраќај и врски сега е тука, а имам и сознание дека оваа клучка така речено, или овој отклон на патот дека и во оваа Програма годишна на Фондот не е предвиден. Јас го немам тоа сознание на писмено, бидејќи не сме информирани како пратеници. Владата ја носи програмата, Фондот и Владата.

Мислам дека, моето прашање е дали и оваа година нема оваа траса т.е. овие шест километри и 200 метри кои се од Велешкото Езеро спрема Источна Македонија, т.е. до месноста Крива Круша да бидат предвидени за изградба.

И потенцирам дека тоа е едно многу битно прашање, кое треба апсолутно да се преземе за во оваа година да може да се изгради, бидејќи претставува една врска за цела Источна Македонија, а патот кој се користи кажав во каква состојба е и какви се условите.

Второто прашање кое го поставив, си дадов и одговор со текот на времето, беше во Службен весник на Република Македонија имаше назначен советник на Владата на Република Македонија за Источна Македонија, така некако стоеше и јас прашав, тоа е господинот Ванчо Ефтимов, ги кажав неговите карактеристики и ми беше одговорено, дека такво место не постои во Владата на Република Македонија систематизирано. Тоа ми беше јасно дека сигурно не постои, но човекот си работи во Делчево.

Но, ми стана јасно после кога видов дека не е тој само советник така поставен, туку има многу, многу такви советници, кои се на платниот список во Владата на Република Македонија, а си работат сигурно некои политички работи во Македонија. Така што тоа прашање си го одговорив сам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот министер за сообраќај и врски Боби Спирковски, повелете.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Јас би сакал најнапред да кажам дека очигледно проблемите врзани за патната инфраструктура се од витално значење за сите нас заедно, а особено за пратениците кои го претставуваат гласачкото тело. Јас морам да ви кажам и да го информирам Парламентот дека, дури на седницата на Владата кога се усвојуваше програмата на Фондот, ми беа поставувани пратенички прашања од министрите во Владата, сите за конкретни патни делници во Република Македонија. Само колку да добиете претстава дека и во рамките на Владата добивам пратенички прашања од министрите.

Инаку, што се однесува за ова конкретно прашање, проблемот во моментот на одговарање беше тоа што се изготвуваше главен проект, беше во фаза на ревизија и тоа пратеникот го знае, му го одговоривме и знае што тоа значи. Ние не можевме да ја предвидиме во Програмата на Фондот за односната година, се додека немавме главен проект.

Меѓутоа, бевме веќе напреднати, ревизијата е извршена и сега го имаме главниот проект и интегрално ќе го решаваме ова прашање заедно со изградбата, односно реализацијата на делницата која се планира заедно со реализацијата, односно со изградбата на деловите од автопатот Велес - Прилеп.

Значи, сега сме веќе во позиција да го предвидиме како проект за решавање и тоа интегрално како што е и одговорено по прашањето, а во тоа време кога го одговаравме бевме во фаза на ревизија на главниот проект. Сега тоа е направено, главен проект има и веќе можеме да влеземе во наредниот период во реализација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратеникот е задоволен.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, господа министри, јас на 27.05.1999 година поставив прашање до Владата, односно до Министерството за трговија да ми одговори во писмена форма, кои стоки се идентификувани дека можат да се извезат во земјите од НАТО алијансата, како супституција на југословенскиот пазар, како е постапено по тоа?

Добив одговор, одговорот е историја за развојот на економските односи помеѓу Македонија и ЕУ и САД, а не е во функција на прашањето и од одговорот не сум задоволен.

Меѓутоа, со оглед дека тоа прашање веќе не е актуелно, не барам дополнување на тоа прашање.

Исто така, се откажувам од прашањето кое беше доставено на 27.05., дали Владата има доставено барање до земјите од НАТО за осигурување на бизнисот со нашите фирми. Исто така немам добиено одговор. Меѓутоа, бидејќи ситуацијата веќе е надмината, не барам да ми се достави одговор.

Имам две прашања во врска со продажбата на акциите на ОКТА. Не е одговорено. Едното прашање е поставено на 27.05., другото е поставено на 9.03., меѓутоа не е ниту премиерот овде, ниту министерот за финансии. Така што во оваа ситуација нема да го поставам прашањето, ќе го поставам повторно кога тие ќе дојдат овде, така што се откажувам од овие одговори, кои не ми се доставени досега.

Исто така, имам барано информација на три седници потпретседателот на Владата господинот Бедредин Ибраими, постојано ми ветува дека на следната седница ќе биде доставена. Исто така, не е доставена.

Мислам дека би било добро прашањата кои што ги поставуваат пратениците Владата да ги доставува на време, за да тие бидат актуелни. Инаку, одговарањето после година дена или после шест месеци, после осум месеци тие се веќе не продуктивни и нема потреба од одговарање. Затоа би апелирал и би молел одговорите на прашањата секогаш да бидат брзо и ефикасно доставувани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илија Филиповски за укажаните забелешки.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

На минатата седница поставив две прашања кои се од голем интерес за подрачјето на општина Липково.

Првото прашање беше поставено за водоснабдување на село Липково, што министерот тогаш одговори позитивно, дури ја посети општината и навистина пред граѓаните тоа го кажа и сметаме дека тоа набрзо ќе биде. Значи задоволен сум.

Второто прашање беше поставено за конзервирање на јаловината во рудникот Лојане, во кој рудник се уште на отворена површина стојат над 120 илјади тони арсен, мошне токсичен, хром и антимон. И во таа прилика добивме позитивно мислење од Министерството за животна средина, дека Лојане, Бучим и други се во приоритетните

листи. Овие денови добивме резултати од лабораториите на САД, од кои се гледа дека рудникот, односно јаловината може да се заштити скоро 99%, со тоа би се добило многу во однос на квалитетот на воздухот, водите и почвата.

И во таа насока, со тие полимерии, како што имам сознание во Министерството се работи интензивно кон реализирање на овој проект. Би било пожелно проектот да се реализира во најжешките денови во текот на ова лето, затоа што аеросолите од арсен се пронајдени и во воздухот во скопската котлина.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

По се изгледа дека прашањето е упатено до министерот за заштита на животната средина господинот Тони Поповски.

**ТОНИ ПОПОВСКИ:**

Овој проект е прифатен од страна на германското друштво за техничка соработка, мислам дефинитивно и во текот на оваа година се надевам баш во текот на летово ќе дојде до негова имплементација. Се работи за околу 100 илјади германски марки, значи директна инвестиција во решавањето на проблемот со арсеновата руда, која ние ја третираме како опасен отпад.

Во овој случај, како Министерство инвестиравме и во изработка на соодветна проектна документација. И јас навистина сметам дека, во текот на летово ќе дојде до решавање на овој проблем. Притоа би сакал да го замолам професорот Селмани, овие резултати кои ги спомена или дел од нив кои ги цитираше, да ги достави до Министерството за животна средина, за да можеме да дадеме соодветен коментар во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам пратеникот Аслан Селмани, дали е задоволен од одговорот?

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Да. Проектот со овие резултати што ги кажав е доставен до Министерството за животна средина, односно до Фондот при вашето Министерство, заедно со целиот проект за имплементација.

**ТОНИ ПОПОВСКИ:**

Со внимание ќе ги разгледам овие резултати, макар што јас успеав да прочитам единствено проект доставен од една приватна компанија. Немам добиено интегрално резултати. Би сакал да ги добијам ако не е тоа проблем.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро би било тоа да го погледнете и до пратеникот да се достави една информација.

**ТОНИ ПОПОВСКИ:**

Добро.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Господине претседателе, јас поставив повеќе прашања и на дел од тие прашања добив одговор, а останаа две прашања на кои што не добив одговор.

Едното прашање беше доставено до Министерството за земјоделие, во врска со штетите кои настанаа, поради тоа што не можеа да се употребат ракетите за градобијна одбрана за време на војната што беше тука на Балканот, поради прелетот на авионите преку Македонија, беше забрането да се употребуваат ракети за разбивање на градобијните облаци и затоа имаше огромни штети на земјоделските култури.

Моето прашање беше, колкави се тие штети и како тие ќе се надокнадат, дали има можности за нивната надокнада и од оние кои што спречија да се употребуваат тие ракети. Веројатно прашањето некаде залутало и јас молам во тој правец да добијам одговор.

Второто прашање беше до Министерството за финансии. При изградбата на пругата Куманово - Ѓувешево срушени се многу објекти и направена е голема штета. Штетата е констатирана, докажана и т.н. и покрај тоа што во Буџетот неколку пати беше предвидена ставка за надокнада на таа штета, се уште не е таа штета измирена, спрема имателите на таа имовина. Затоа веројатно тој одговор не сум го добил, затоа што во меѓувреме дојде до промени во Министерството за финансии.

Го молам министерот за финансии, за наредната седница во писмена форма да ме извести кога тие штети ќе се исплатат, затоа што траат веќе неколку години и не се реализирани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Министерот за финансии го слушна прашањето и веројатно на наредната седница ќе добиете информација.

Има збор господинот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани

колеги пратеници, почитувани министри, јас на минатата седница кога се поставуваа исклучиво само пратенички прашања, поставив пет од кои добив три одговори, а две и ден денес не се одговорени. Сега бидејќи така го фативме од почеток денот дали сме задоволни, или не сме задоволни, како процедура на одговор на прашањето сум задоволен, фала богу што сум го добил одговорот.

Меѓутоа, бидејќи проблемите и понатаму не се решаваат, а беа трите во дел на инфраструктурата на месното население, од онаа изборна единица од каде доаѓам, така да не можам да бидам задоволен. Тој одговор, отворени се сеуште прашањата. Значи, ниту е отпочнато со изградба на надвозникот на потегот кај селото Мешеишта на регионалниот пат Охрид - Скопје, а од моето поставување на прашањето и образложението што го кажав тогаш и натаму продолжуваат да се случуваат катастрофални сообраќајни несреќи со човечки жртви. Како може да биде човек задоволен од одговор дека нема проблеми, ќе се почне, има проект и т.н. и т.н. На две прашања не добив одговор.

Едното е веќе не актуелно и не ви го спомнувам сега да го оптоварувам Парламентот, а другото е се уште актуелно и зачудува фактот зошто се уште не сум добил одговор. Имено, се работи за моето децидно прашање, упатено до ресорното Министерство за сообраќај и врски кое гласеше: Кој, кога и зошто ги стопира сите активности за наплата на побарувањето на компанијата "Палер" од страна на ресорното министерство или од страна на самата авио-компанија. Од вас, од тој преглед што ни го доставивте и што е за поздравување, системски, за сите да го разбереме што значи постапување и давање одговор на пратенички прашања, се гледа дека Парламентот ургирал на два пати до Владата да достави одговор на ова прашање и тоа е едната ургенција на 9.6.1999 година, а другата ургенција е на 7 март 2000 година. Значи, после месец дена скоро, без неколку дена од последната ургенција, ние немаме одговор на тоа прашање, па повторно го актуелизирам. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам надлежниот министер за сообраќај и врски, во врска со ова прашање.

Дали е спремен сега да одговори или пак ќе подготви Владата информација по ова прашање.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

На ова прво прашање ние веќе дадовме одговор и за мене е сфатливо зошто пратеникот г. Илија Илоски не е задоволен. И ние не сме задоволни што таму, врзано за подвозникот, односно надвозникот на потегот кај село Мешеишта во моментов немаме брзо и адекватно решение. Имаме големи пречки. Меѓутоа, ние и во одговорот кажавме дека во фаза е изработка на физибилити студија, генерален проект за коридорот осум, каде интегрален дел е магистралниот пат М-4, а со тоа и делницата Кичево - Охрид и тука ќе бараме решенија врзани и за овој проблем. Она што му го одговоривме на пратеникот децидно и со повеќе параметри, мислам дека е моменталната ситуација и од урбанистички и од сообраќаен аспект. Ние не можеме таа ситуација да ја промениме утре, меѓутоа врзана со генералното решение за коридорот осум, сигурно е дека тој проблем ќе биде третиран и решен. Тоа е врзано за проблемот со Мешеишта.

Во поглед на прашањето за тоа кој ја стопирал наплатата на долговите на "Палер Македонија", имаше дури шест пратенички прашања за овој проблем врзан со случајот "Палер", четири од пратеникот Љупчо Анушев и две од пратеникот Илија Илоски. Јас уште тогаш кажав дека скоро сите тие прашања, иако едно - две, веројатно не се атипични за Министерството за сообраќај и врски и станувaше збор за целиот случај врзан со приземјувањето на "Палер Македонија". Се поставуваа прашања околу валидноста на гаранциите кои биле издадени на авио компаниите и т.н. и т.н. Ние и покрај тоа се сложивме да направиме обид да нешто како документ, како одговор да добиеме и после бројни и ваши и наши интервенции, во текот на вчерашниот ден добивме првичен материјал. Јас утринава во пет минути до 12, што се вели, го проследив до Собранието, не знам зошто пратеникот Иловски барем утринава не го добил, можеби ќе беше задоволен со самиот одговор и ако сигурно не е, и оправдано, задоволен со времето во кое овој одговор е подготвен.

Меѓутоа, она што можев да го направам како министер, и тогаш кажав дека се тоа а типични работи врзани за Министерството за сообраќај и врски, значи врзани за деловното работење на една приватна авио - компанија, во која што врзано и за судски процедури, значи врзани за судовите. Ние не можеме од судот да бараме таков тип на информации, дали некој стопирал судски предмет или не стопирал и зошто наплатата на побарувањата по тој пат

не се реализирани. Друг пат за наплата на побарувања, од било кое претпријатие, па и јавното претпријатие, освен судот, не постои. Тоа е единствениот можен начин како да се наплатат тие побарувања и колку што знам никој не може да ги стопира судските постапки, а најмалку Министерството за сообраќај и врски. Така да, јас би го замолил пратеникот Иловски да ги уважи овие аргументи, да го добие материјалот, да го погледне и на една од наредните или на наредната седница специјално да се произнесе по тоа прашање, дали со овој материјал е задоволен или не.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, на една од наредните седници ќе се произнесете по одговорите.

Имаме уште еден пратеник кој побара збор, тоа е пратеникот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Најпрвин би сакал да искажам лично задоволство, бидејќи онаа моја фатална историска информација која ја барав, за тутуно - производството од 7 февруари, мислам дека во глобала задоволува и денес конечно ја добив.

Јас би сакал да дадам некои забелешки, сугестии, што баравме, што добивме, односно да ја надополниме информацијата, ако не друго, барем во наредниот период институциите во државата, ресорните министерства и Владата на РМ да го има предвид.

Уште еднаш да кажам, ми претставува задоволство затоа што од оправдани и објективни причини сум ја барал информацијата, бидејќи и во самата информација пишува дека се занимаваат со тутуно - производство околу 45 илјади домаќинства во РМ, по 4 или 5 члена, тоа се 200 илјади граѓани кои основната и во најголем дел егзистенција им е од производството на суров тутун.

И во самата информација, во првите две реченица ме радува тоа што го потврдуваат, а јас знам дека ние исто овде размислуваме, без разлика што тоа некој го чувствува поинаку. Се зборува дека тутунот е една од агро индустриските култури во РМ, што има важна улога во севкупниот економски развој и во вкупниот амбиент на стопанството на РМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам господине Чифлиганец да не ја коментираме сега информацијата.

Кажете сега вие дали сте задоволни или не сте од информацијата, односно дали ја прифаќате или не ја прифаќате. Нема сега да ја читаме информацијата.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас ја прифаќам информацијата, но сакам да дадам свои забелешки.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дајте ги забелешките, а не ја коментирајте.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Мислам дека и самата информација кажува дека од извоз на перментиран суров тутун се добиваат околу 120 милиони марки. И во самата информација се зборува дека заштитната цена на тутунот и стимулацијата е 109 денари, тоа што е постигнато при самиот откуп од страна на сите откупни претпријатија, а државата стимулира со 2,00 денари. Тоа вкупно е околу 70 милиони денари, односно околу 1,5 милиони марки.

(Реакции во салата од некои пратеници).

Претседателе, Ве молам да ми дадете можност да дадам свои забелешки и дополнувања по информацијата, која ја ценам позитивно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Можете ама одете само конкретно.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Заложбата како пратеници и како одговорни субјекти овде, со тоа сакам да ја кажам суштината, зошто ние се залагаме. Нема ние да кажеме нешто што не е објективно.

Во самите заклучоци од информацијата дадена од ресорното министерство, се зборува дека тутунот треба соодветно да се стимулира. Ако се зборува за соодветно стимулирање, мислам дека државата во наредниот период, во предлог мерките, мора да има по изострен слух за соодветна стимулација. Имено, не се работи за 2,00 денари стимулација, односно заштитна цена на тутунот, а јас во повеќе наврати барав тоа да биде 32,00 денари, односно една германска марка за секој откупен килограм тутун. Веднаш ќе кажам зошто.

Затоа што, нека се пресмета Министерството за финансии ќе види дека нај изразен нето девизен ефект од секој извршен килограм тутун, од секоја марка и од овие 120 милиони марки, односно 56 милиони долари, се остварува преку тутуновата култура. Тоа е работната рака, ангажман, не се потрошени нафтени деривати струја и т.н. Од тие 120 милиони марки што се добиваат

како ефект финансиски, за државата, можеби 60, 70 или 80% тоа е нето девизен ефект остварен на работната рака на живата сила, од страна на производителите.

Затоа, сакам да имаме разбирање во овој Парламент и сите субјекти, нека се вклучи и НБ на РМ, ќе видиме дека државата, сакале или не сакале, мораме барем да се приближиме, јас не зборувам за 8 или 9 марки. Јас зборувам за откупен тутун за 3 и 3,5 и 1 марка да најдеме во корекцијата, во физиономијата на Буџетот на РМ како нето девизен ефект остварува преку културата тутун, да се најде. Ве молам, тоа е мојата заложба. Јас би сакал да помогнам овде.

За вториот заклучок од предлог мерките што сакам да кажам?

Бидејќи гледам дека се објективни предлог - мерките, но треба сепак државата, ние сега имаме 25 илјади тони тутун од реколтата 1999, дел од 1998 година не откупен. Тоа ни повеќе ни помалку е околу 100-тина милиони марки. Во овој момент ресорните министерства, пред се мислам на Министерството за трговија да им помогнат на трговските, откупните претпријатија во пласманот. Тоа е голема добивка за производителот на тутунот, а мислам тоа е во интерес не само на граѓанинот, туку на целата држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално сака да се обрати пратеникот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине претседателе, би ве замолил во иднина вакви вдахновени говори да не дозволувате. Господинот Чифлиганец сам си поставува прашање, сам си одговара. Јас не се сомневам за неговата стручност околу тутунот.

Доколку се има ваква желба да се полемизира, во некоја прилика, ако се организира тркалезна маса, имате шанса вашата партија да ви испрати на таа тркалезна маса да полемизирате со господинот министер за земјоделие.

Немојте ве молам во иднина овде да ми држите предавање.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе, седницата веќе три часа веќе не почнува, а имаме пратенички прашања. Ве молам нека се пријават сите кои сакаат да поставаат пратенички прашања да видиме колку се пријавени, а не може така еден по еден, а ние до 17,00 часот треба да работиме и фактички нема пратенички прашања овде.

Значи, сите што сакаат нека се пријават овде околу ова, кои не добиле одговор на пратенички прашања, а не само еден по еден само притискаат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас кога предложив нешто на почетокот се оцени како узурпација на демократијата.

Демократијата најмногу се узурпира со опструкции.

Но, добро, кога така одлучивме, ќе одиме така.

Јас сега го молам министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство г. Ѓорчев, бидејќи кон него беше упатено, коментарот повеќе беше со мерките, па би сакал да одговори, а тој и се јави да одговори на прашањето.

Има збор министерот Марјан Ѓорчев.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Би сакал да појаснам, во врска со мерките кои се преземаат во Министерството за земјоделство, токму на база на укажувањата на почитуваниот пратеник со цел да се помогне и на некој начин да се стимулира крајниот тутуно производител и во таа насока единствена мерки што во овој момент е можна и ќе ја практикуваме во реколтата 2000-та година, да се префрли правиот среден лист оној што е фактички 70% во основата на тутуно производството од трета во втора класа. На таков начин ќе се добие сигурно многу по стимулативен дел, кој што земјоделските производители ќе го користат и во тој правец цената на тутунот навистина ќе добие еден паритет за кои и пратеникот говореше, таа висина на средства од 10-тина денари. На тој начин ќе се добие една вистинска класификација на тутунот. Тоа е прво.

Второ, за точна информација на македонскиот Парламент, во 1999 година вкупно извезени се 18.825 тони тутун и остварена е нето девизна вредност од 72.199.675 американски долари, пред се во САД, Швајцарија, Египет, Холандија и Југославија.

Понатаму, она што е многу битно е дека се прават напори за супституција, затоа што ние произведуваме претежно ориентален ароматичен тутун од типот Прилеп – Јака - Џебел и Отља, додека во најголем дел како инструмент, односно како агитив се употребува и увозна Вирџинија. И во програмата за оваа година што

Министерството заедно со преработувачите на тутун и со здруженијата на индивидуалните производители заговараа супституција особено во оние региони, во кои што е можно производство на Вирџинија во тетовскиот регион, во Кочанскиот регион, во Охридско - Преспанскиот регион, каде што има доволно водени ресурси да може таа супституција на ароматичен ориентален тутун да биде произведувана Вирџинија тутун, што ќе заштеди дополнителни девизни средства и на таков начин уште повеќе тутунот ќе го направи до извозен ефект да биде чист национален.

Мислам дека со овие неколку мерки, што како дополнување на оваа информација, а се предлагаат за 2000-та година и со елиминирање на таа заштитна цена која во себе содржеше многу против вречности, односно само со назначување на цените по класите тутун, како и со ригорозна контрола, па дури и одземање лиценци на оние откупувачи во РМ и преработувачи на ферментиран тутун, кои не ги почитуваат одредбите во Законот за тутун, мислам дека крајните производители навистина ќе бидат задоволни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Чифлиганец, мислам дека со овие дополнителни информации ви е даден одговор. Немојте сега да отвораме расправа.

Ќе ја поделиме информацијата што сте ја добиле, до сите пратеници и после ќе водиме расправа.

Вака сега вие имате информација, министерот има информација, другите не ги интересира во овој момент тоа, се спремаат за прашање и сега што ќе биде.

Добивте тоа што требаше да добиете.

Во врска со тутунот има збор министерот за финансии Груевски Никола.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сакам да додадам во корист на поголемо информирање на господинот пратеник, во врска со тутунот дека во услови кога постои презаситеност на светскиот пазар од типот на тутунот кој се произведува во Македонија и во исто време хиперпродукција во РМ дека е издаден меѓународен тендер за продажба на македонскиот тутун, во весникот "Економист" и дека тендерот е во тек. Тоа како додатна информација на сето ова.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Процедурално господинот Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Господине претседателе, истата работа и на ресорните министерства јас кажав дека во најголем дел, а после излагањето на министерот Ѓорчев и министерот за финансии сум задоволен.

Но, моите сугестии се за поголеми симулации и со економско образложение поткрепено од социјален аспект. Вие морате тоа прашање во Македонија, тоа не е од сега и понатаму како претседател на Собранието да го респектирате.

Единствено во оваа расправа не го прифаќам тенденциозниот парцијален и партиски приод што сака да му го даде господинот Флоровски. Јас пред оваа говорница и пред овој Парламент, никогаш не сакам тутунопроизводителот да го ставам под партиска лупа или да сакаме да добиваме партиски поени. Напротив, сакаме, во овој момент се согласувам со почитуваниот министер за земјоделие и министерот за финансии. Интенцијата ни е иста. Ако може.

Ако не може, затоа сме ние овде одговорни субјекти, одговорни институции, ресорни министерства, да одговориме може, не може.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Флоровски има реплика.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Извинете претседателе, но јас сум спомнат.

Прво, не знам од каде е впечатокот дека е дадена партиска конотација. Но, можам следното да го кажам, според она што го промовиравте овде и го покажавте како знаење, во некоја идна Влада на СДСМ, вие сте печен за министер за земјоделие. Ако беше тоа поентата јас го кажав.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Подобро да прекинеме со ова.

Сега г-динот Чифлиганец бара одговор, повелете.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Сакам лично да кажам дека моите вредности се поголеми од министер.

Тоа е лично мое видување, тоа и негово лично видување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, но да прекинеме со оваа расправа.

Г-дине Даневски, уште вие имате збор и потоа одиме на нови прашања.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа

пратеници, премиере и министри, поставив прашање во делот на водоснабдување на општина Свети Николе, тоа е за градот Свети Николе, барав информација и не ја добив. Прашањето има тежина.

Мислам дека ова има посебна тежина, затоа што на една од минатите седници ја елаборирав оваа забелешка и мое барање за давање информација. За што станува збор?

Имено, градот Свети Николе се снабдува со вода од Браната Маврово, која има 2 милиони и 800 литри  кубни вода, капацитет кој е акумулација, односно езеро. Станува збор за тоа што со сите хемиски препарати и пеглање, она што е дозволено во границите од осум до 12 мгр. по литар органски материи, со најголемото пеглање, со целата хемија, на крајот испаѓа 23 до 24 мгр. Во услови кога е зимски период, кога температурите се ниски, со зголемување на температурите во летниот период доаѓа до 50% зголемување на органските материи, што значи зголемување на трихлорид метани во водата за пиење, кои се индикатори за карцином.

За ваша информација, постои статистика за сите оние кои починале во општина Свети Николе и секој втор статистички е починат од рак. Тоа загрижува. Ова го зборувам, затоа што на последната донаторска конференција, каде што беше присутна и Владата на РМ, добивме средства и проекти за шест општини, кои добија дел од средствата за дотерување на прочистителните станици. За ваша информација, најлошата вода што доби карактеристика за браната во Берово, Браната во Свети Николе со 116 мгр. е 45% по загрозена. Се поставува прашањето, дали водата во Свети Николе за употреба во градот.

Барам од ресорното министерство за развој, каде што се доделени пари за прочистување и дотерување на шест проекти во општините во РМ, каде што користат акумулации, Министерството за урбанизам да изготви проект за подготвување студија и задача која ја имаме направено во општина Свети Николе, Министерството за земјоделство да се вклопи во дел од средствата што ги има и посебно Министерството за здравство и Министерството за екологија. Од министерството за животна средина се бара да направи голема анализа на водата, затоа што РМ нема таква хемиска лабораторија, која може да направи голема анализа на вода.

Да не должам, мислам дека ова е нај акутно прашање и треба да се земе предвид, затоа што информацијата можеби ќе доцни. Или да се каже стручни екипи да излезат на теренот, да кажат дека водата на браната "Мавровица" не е за употреба и тоа е добро во моментот, за да се заштитат граѓаните, а постојат алтернативни решенија. За тоа ќе каже Министерството за развој, односно се работи за артерски бунари. Во моментот е битно да се каже, да не се крева паника, но да се каже дека водата не е за употреба и ќе вари до оној момент додека не се изреагира.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ова прашање е поставено до Владата во целина, до повеќе министерства и јас верувам дека Владата ќе го има предвид и ќе изработи една комплементарна студија по ова прашање.

Најверојатно ќе добиеме информација во писмена форма од Владата, бидејќи повеќе министерства се апострофирани во овој случај.

Дали сте задоволни, господине Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Јас мислам дека е добра прилика сега, бидејќи тука се присутни министрите и како дел од информација и како пратеничко прашање да се забрза постапката.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сигурно, па во таа смисла е и вашата интервенција.

Во врска со прашањата поставени на минатите седници, сакам да ја завршам расправата.

Некои ќе добијат дополнителни информации, некои пратеници денес добија информации и според тоа денес мислам повеќе да не расправаме.

Процедурално, бара збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Пратениците кои немаат никакви одговори на поставените прашања, не ги прашавте дали се задоволни или не се задоволни. Не знам дали сум само јас или има и други.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За тие кои немаат никакви одговори, тука ни е премиерот, ние ќе ги ажурираме уште еднаш лично до премиерот да ги достави и да се погрижи да добиете одговор, а понатаму ќе водиме повторно расправа.

Продолжуваме со работа на седницата.

Дали некој од пратениците сака да постави прашање на Владата на РМ, односно на министрите и другите функционери кои раководат со органите на управата.

Прв за збор се јави г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Многу се дебатираше околу ова, а јас ќе ве потсетам дека претходната Влада нема одговорено на многу прашања, иако сакаше да се спомнат опструкции. Во претходниот мандат тука е г-динот Бранко Црвенковски - нас како пратеници лично не не удостојуваше и не доаѓаше на седници при поставување на пратенички прашања. Тоа е така ако го вратиме филмот малку station наназад. Колку да се знае, да не кажете дека некој брзо заборава.

Прашањето е упатено до Министерството за сообраќај и врски. Регионалниот пат Свети Николе - Немањици - Куково - Пробиштип 10 години од оваа говорница се поставува прашањето во врска со тоа и 10 пати се добиваат исти одговори: Патот е регионален, се поврзуваат две општини. Секогаш ќе се каже дека патот е во перспектива, се е извршено, никако да се направи. Се е подготвено, се може да биде, но таму има едно село Немањици, кое е прокнижено уште 1943 година, како нај ВМРО - овско село, заради тоа село не може да се направи патот. Па мислам дека треба сега да се направи.

Второто прашање, исто така е до Министерството за сообраќај и врски. Имено, патниот правец во општина Лозово, а се работи за патот Лозово - Милино, 20 години не е изграден. За време на изборите г-динот Ѕинго асфалтираше 100 метри, јас изградив 300 метри и остана така.

Одговорот би бил, бидејќи ги имаме сите одговори - ова е во надлежност на локалната самоуправа, а знаеме локалната самоуправа со кои средства располага. Мислам дека 10 години се поставуваат овие две прашања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Слободан Даневски.

Има збор министерот за сообраќај и врски, бидејќи поставените прашања се од негов ресор.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Очигледно, јас ја имам таа привилегија и на вторава седница на Собранието посветена на пратенички прашања прв да добијам прашање, меѓутоа тоа го кажав и понапред дека таа привилегија ќе трае уште долги години, затоа што патната инфраструктура во РМ, иако во одредени сегменти спаѓа во една од поразвиените во соседството, на локално и регионално ниво се уште не ги задоволува оние барања што населението ги има.

Јас не би можел сега навистина да одговорам и би замолил оние пратеници кои имаат прашања за конкретни делници и конкретни делчиња, надвозници, мостови и сл. немам техничка можност, иако се обидував длабоко да размислувам како да бидам сега подготвен веднаш да одговарам, не постои техничка можност сега да се реализира, па би замолил сите однапред да примат на знаење дека, само писмено можам да дадам одговор на овие прашања и сум подготвен на овие две прашања на г-динот Даневски, писмено да дадеме образложение.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Даневски, го слушнавте зборувањето на г-динот министер.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Се е добро, ова стара практика, ист одговор. На тоа прашање одговараше г-динот Бузлевски кога беше министер, на ова прашање одговараше и г-динот Абдулменат Беџети и Антонио Пешев, сите одговараа исто. Треба да влезе да се направи патот и нема друго, дали сум задоволен. Како задоволно? Патот да се направи. Нема задоволен или не задоволен.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе добиете писмена информација за тоа.

Има збор г-динот пратеник Александар Пандов.

Ве молам да имаме разбирање да се сослушаме.

Ако сакаме да се сослушаме и да се почитуваме, седете до крај.

Што е ова шетање, излегување, видоа дека се при крај и ќе си излезат.

Па дајте тогаш да ве наредам на врата еден по еден и да влегувате и да поставувате прашања!

Тоа е културно да се сослушаме.

Навистина не е коректно.

Има збор г-динот Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Моето прашање се однесува до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Имено, дали Министерството има пресметано колкава е штетата која

Македонија ја има претрпено, со тоа што постоеше неколку години ембарго за извоз на македонското јагне и таа штета е направена, поради тоа што постоеше ембарго. Сега дали требаше толку години да биде или поради не ажурноста на г-дата министри на СДСМ во тоа време, што ги мрзеше да појдат таму да замолат да се симне тоа ембарго, бидејќи имаше и други соседни земји на Македонија за кои постоеше такво ембарго, за многу пократок период успеаја да го тргнат тоа. Кај нас кога дојде новата власт, успеа тоа да го направи и тоа го поздравувам.

Вториот дел од прашањето е: Дали може министерот да ни каже како оди досега откупот на јагнето, односно колку е досега откупено, која е цената на јагнето, дали е во сите општини откупот, поради тоа што има повеќе општини во кои е застапено македонското јагне. Дали во сите тие општини откупот оди според планираното и на крајот, дали има збирно односно дали министерот знае да ми одговори колку е збирно, колку се планира да се откупи, колку јагниња има во Македонија кои се за откуп и колкав прилив на девизи РМ ќе заработи од продажба на јагнето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Александар Пандов.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Марјан Ѓорчев.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Од 1996 година, со одлука на Комисијата на ЕУ, објавена во официјалниот весник на ЕУ, се забрани извоз на македонско јагне поради болестите "шап" и "лигавка", кои во тоа време беа констатирани од страна на Комисијата ЕВГ во Женева и на таков начин РМ до ноември 1999 година, беше оневозможена на своите традиционални пазари, пред се пазарите во Италија, Германија и земјите на поранешна Југославија, Хрватска, да го пласира јагнешкото месо во заклана состојба, но и во жива состојба одреден дел, исто така не можеше да биде пласиран.

Штетите за кои можеме да говориме се однесуваат пред се на намалувањето на бројот на грлата овци во РМ и според последните податоци кои ги има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, фондот е намален за повеќе од 50% како основно стадо. Тоа ќе каже дека ние во овој момент располагаме со околу 800 илјади грла овци и во овој момент после симнувањето на заканата од страна на Европската Комисија, по преземените мерки за регистрирање на четири кланици во РМ, а тоа се Скопската, Кумановската, Штипската и Струмичката кланица и овозможување на задржувањето на извозничките броеви на уште четири други кланици во РМ и со мерките кои беа преземени за подобрување на епидемиолошката состојба во РМ и евиденцијата и почнувањето на акцијата за одбележување на животните, како и подобрување на ветеринарната контрола на преку граничните премини, се во рамките на ФАРЕ- програмата на ЕУ во Проектот "Поддршка на земјоделството", се доби дозвола за извоз на јагнешко месо, со тоа што таа дозвола е условена со завршување на процесот на одбележување на матичното стадо на крупна и ситна стока во РМ.

Третиот дел од одговорот се состои во моменталната состојба на откупот. Во овој момент до 31.111.2000 година, откупени се 100 илјади и 500 грла јагниња по просечна цена кгр. жива мера од 103 денари по килограм или тоа преведено во нето маса кгр. на заклани јагниња изнесува 730 илјади 735 кгр.

Вкупната вредност на извозот на овие 730 илјади кгр. изнесува 2.609.000 американски долари и тоа најголем дел во Италија, а 2.340.000 американски долари во Хрватска, некаде околу 200.000 американски долари и помал дел во Југославија.

Исто така, со завршувањето на Католичкиот велигден се очекува целокупната квота од 1.850 тони за извоз на јагнешко месо да биде испочитувана, а после тој период се очекува и извоз на живо јагне, пред се за просторите на Босна и Херцеговина и на територијата на Косово.

На таков начин, нашите очекувања се дека ќе биде остварен вкупен девизен прилив, вкупно со земјите од ЕУ, со земјите од поранешна Југославија, Хрватска, Југославија и Босна и Херцеговина и очекуваниот извоз на живо јагне во Грција, потоа после април месец можностите и договорите што ги прават извозниците со земјите од Блискиот Исток, пред се со Јордан, дека се очекува извозна супстанца од близу 22 милиони ДМ.

Во глобала, тоа се четирите дела на кои требаше да се одговори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали г-динот пратеник е задоволен од одговорот? (Задоволен е).

Има збор г-динот пратеник Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри, во отсуство на потпретседателот, јас би го лоцирал ова прашање до министерот за стопанство.

Познато е дека Владата на Република Македонија на почетокот на 1999 година воспостави дипломатски односи со Република Кина - Тајван. Во јавноста, сведоци сме на контроверзни изјави за судбината на овој проект.

Јас би го замолил министерот, во овој случај за стопанство, да ми одговори колкава финансиска поддршка и по износ и по структура е примена до сега по одредени проекти во стопанство и колкава е планирана во наредниот период. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има министерот за стопанство г. Борко Андреев.

**БОРКО АНДРЕЕВ:**

Прашањето е сериозно, навистина на ова ќе мора да се одговори малку послоевито и во писмена форма, меѓутоа јас имам еден преглед на една група на проекти, кои се во обврска од страна на Владата на Република Кина - Тајван, тоа се проекти од околу 32 на број со вкупен износ од околу 240 милиони американски долари.

Во оваа група спаѓаат реализирани проекти, проекти кои се во фаза на реализација, потоа договорени проекти и проекти кои се во фаза на договарање. На пример откуп на мермер и на други производи од Република Македонија. За да не должам многу, бидејќи ќе изготвиме писмена информација, само ќе прочитам неколку позначајни проекти.

Прво, финансиска помош за Владата на Република Македонија од 10 милиони американски долари, која е реализирана за време на посетата на министерот за надворешни работи на Република Кина - Тајван г. Ху во март 1999 година.

Потоа финансиска помош за Владата на Република Македонија за надминување на проблемот со бегалците во износ од 2 милиони американски долари, што е реализирана во април 1999 година.

Потоа проектот - Фонд за економски развој на Република Македонија и Република Кина - Тајван во износ од 10 милиони американски долари. Овој проект треба да заврши во рок од 4 години и секоја година ќе треба да се користат по 2,5 милиони американски долари. Македонската страна треба да поднесе листа на барања за одредени проекти. Тука ќе ја спомнам Слободната индустриска зона, која е често предмет на особен интерес во јавноста и која очекуваме овие денови да почне со забрзано темпо да се реализира, чија проценета висина на инвестицијата е 100 милиони американски долари.

Понатаму, десет инфраструктурни проекти во вредност од 10,5 милиони американски долари. Овој договор е потпишан во октомври 1999 година и реализација на дел од овие проекти е веќе започната.

Понатаму, проект за изградба на станови во вредност од 20 милиони американски долари, договорот е потпишам помеѓу Македонската Влада и Кинеската Комерцијална банка на 23 јуни 1999 година. Средствата се префрлени во Народна банка на Македонија.

Понатаму, имаме професионална обука на 100 млади лица во Република Кина - Тајван во износ од 1,43 милиони американски долари. Обуката е завршена.

Понатаму, 30 автобуси наменети за Косово, како донација на Кинеската Влада, нарачани, купени и предадени во фабриката за автобуси 11 Октомври - Скопје.

Медицинска заштита на бегалците во бегалскиот камп Стенковец во висина од 5 милиони американски долари.

Понатаму имаме проект кој е потпишан помеѓу Агенцијата за обнова и развој АСДФ во вредност од 12 милиони американски долари. Првата уплата е реализирана од 3 милиони американски долари, а се обезбедени проекти за покривање на целиот износ од овие 12 милиони американски долари.

Уште еден проект од овие позначајни тоа е последниот договор што за време на посетата на г. Димитров на Република Кина - Тајван во март 2000 година е направен, за оваа кредитна линија за изградба на станови во вредност од 20 милиони американски долари. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали г. пратеник Карангелески е задоволен од одговорот.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Сепак би сакал, ако може во писмена форма и со прецизни рокови, односно разграничувања што е завршено, а што се планира и во кои рокови.

Меѓутоа, гледам дека има повеќе проекти би сакал во писмена форма да ми се

достави.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали претставникот на Владата се согласува? (Да).

Има збор г. пратеник Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, колеги пратеници, во името на акционерите на претпријатието Рудници за бентонит и други неметали "Бентомак" од Крива Паланка, го поставувам моето прво пратеничко прашање до министерот за финансии и директорот на Агенцијата за приватизација, но тој очигледно не е тука.

Прашањето гласи:

Зошто не е извршена контрола на финансиското работење и ревизија на приватизацијата на претпријатијата Рудници за бентонит и други неметали "Бентомак" од Крива Паланка, согласно поднесеното барање од февруари 1999 година од страна на акционерите преку иницијативниот одбор до Министерството за финансии и Агенцијата за приватизација. Тоа е првото прашање.

Второто прашање го поднесувам во мое име и во името на колегата Данило Глигороски кој е отсатен, а истото гласи:

Во многу изборни единици во кои спаѓа и мојата, граѓаните имаат заостанато неплатени сметки за струја, вода и за други давачки. Со оглед на тешката финансиска ситуација во која се наоѓаат тие граѓани, би сакал да добијам информација за можностите кои им се нудат или се планираат да им се понудат на граѓаните за репрограмирање на неплатените обврски за комуналните давачки.

Прашањето е упатено до министерот за стопанство.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Најпрвин ќе го замолам министерот за финансии г. Никола Груевски да ни одговори во врска со "Бентомак".

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Прашањето за компанијата "Бентомак", ќе Ве замолам да Ви одговорам писмено, бидејќи во овој момент не ги знам деталите, треба да проверам во Агенцијата за приватизација, што се случува со таа фирма поради што се бара ревизија на приватизацијата, така што дополнително ќе Ви одговорам писмено.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Се согласувам во писмена форма да се одговори.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

До министерот за стопанство е поставено прашање за ослободување од одредени давачки.

**БОРКО АНДРЕЕВ:**

Практично не постои таква можност, затоа што Законот тоа не го дозволува. Како што знаете веќе сме во ситуација да можеме да вршиме репрограм на давачките по основ на придонесите, но не и вакви давачки.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сте задоволен?

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот пратеник Љупче Ристески.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници, познато е дека подолго време во градба е еден значаен хидроенергетски комплекс во Македонија тоа е ХЦ "Козјак". Последната година интензитетот на градбата е многу зголемен со тоа што постои можност во најскоро време да се почне со полнење на акумулацијата на вода. Меѓутоа, во тој предел се јавува голем проблем, тоа се комуникациите, односно патиштата кои ќе бидат потопени заради полнење на езерото со вода и голем дел на населби што ќе се најдат на едната или на другата страна од вештачкото езеро ќе се соочат со проблемот од комуникација. Познато е дека постои проект околу изградба на регионален пат Скопје - Самоков. Со изградбата на ХЦ "Козјак" постои можност да се реализира патот Скопје - Самоков само што тој крај ќе се најде во ситуација, навистина да биде дел од државата кој е многу близок до метрополата, односно до градот Скопје, а сепак нај одалечен крај во земјата од нашиот главен град.

Би сакал министерот за сообраќај да ми одговори на прашањето. Верувам дека во моментот не е во состојба да ми одговори усно, прво, која варијанта на изградба на патот Скопје - Самоков и дополнителните локални патишта што мора да се направат за комуникација помеѓу одредените населени места, која варијанта Министерството за сообраќај планира да ја примени и дали овој регионален пат Скопје - Самоков ќе се гради, а јас би сакал малку да сугерирам дека е неопходно да се гради овој пат, од причини што целиот тој регион добива комуникација со главниот град, главниот град добива еден

многу атрактивен простор пред се еколошки чист и простор погоден за развој на туризам, добива езеро, а Република Македонија добива уште еден алтернативен пат на западната магистрала со што патот Скопје - Охрид ќе се скрати за 60 км, а се работи за пат кој апсолутно ќе биде прооден преку целиот зимски период за разлика од магистралата, која минува преку планинските превои, кои се многу високи и транспортот во зимските месеци често се ограничува за шлепери и тешки возила.

Сметам дека Министерството за сообраќај и врски и Министерството за финансии треба да го имаат овој факт во предвид, навистина времето е кратко, но постојат многу аргументи околу оправданоста на изградбата на овој регионален пат.

Уште едно мало потпрашање до министерот за финансии, дали може, верувам дека не постојат доволно средства да се изгради овој регионален пат, дали може да се вклопи овој пат во средствата кои се доделени од Европската Унија како донација, бидејќи најголем дел од овие средства се наменети за изградба на инфраструктура, а токму овој пат е објект од тој тип.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Прашањето е до министерот за сообраќај и врски во координација со министерот за финансии во врска со изградбата на патот Скопје - Самоков.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Ќе одговорам на сите прашања, бидејќи во принцип проектите кои одат во рамките на Пактот за стабилност сега и начинот на кој како процедура го имаме како експертиза во Министерството за сообраќај и врски.

Ова е едно од ретките прашања со кое сум запознаен однапред, пратеникот знае дека овој проблем е третиран во Министерството за сообраќај и врски, инаку идејата, она што го образложи сега врзано за поврзаноста на Скопје со Самоков е фантастична. Она што го видовме и како цртеж и како скица и како предлог за развој е фантастичен, но имаше неколку варијанти, јас ги поделил работите во два аспекта.

Првиот аспект е она што пратеникот го спомна инфраструктурата која ќе биде потопена, мора да биде предвидена во рамките на изградбата на системот како трошок и Електростопанството на Македонија, тоа го има како обврска да го предвиди и изгради. Значи, се што ќе биде потопено и од тој аспект се третира како дел од тој проект, мора да биде предвидено во рамките на трошокот на самиот проект од Електростопанството на Македонија. Ние тоа го расчистивме и тука дилеми нема. Електростопанството на Македонија мора тој дел да го изгради.

Она што се однесува долгорочно на неколкуте варијанти сврзани за поврзувањето на Скопје со Самоков кои ги разгледувавме со сите градоначалници, кои имаат интерес врзан за оваа област е предмет на планирање во регионалната инфраструктура и локалната инфраструктура и на Фондот за патишта. Таму се уште немаме проектна документација, а тоа е пречка на последниот дел од прашањето кое беше наменето за министерот за финансии, без проектна документација, без готов главен проект врзан за инфраструктурата, особено за патиштата ние не можеме и не настапувавме пред меѓународните финансиски институции ни во рамките на Пактот ни одделно од Пактот, бидејќи само готови проекти, апликативни проекти кои можеме да ги номинираме доаѓаат во предвид.

Затоа се случуваат некои работи, еве средствата што ги добиваме иако наша интенција беше да бидат првенствено лоцирани на коридорот 8, токму заради тоа што делници за кои немаме готови проекти, не можеме да истапиме пред донаторите и пред финансиерите, одат други делници кои се спремни. Знаете планирањето на патната инфраструктура трае долго време, тука беше во право пратеникот Бузлевски, дека тоа е континуитет и само со готови и апликативни проекти можете да настапите во финансиската сфера.

Посебно за проблемот, ако пратеникот сака и писмено сме подготвени во детали да го известиме, меѓутоа идејата и концептот ни е познат, начелно во Министерството има исклучително позитивен пристап кон таа цел, тоа ќе развие цел регион и ќе поврзе, но останува да се испроектира и помеѓу двете варијанти да се определи која е подобрата, да се одлучиме и да влезе во идно финансирање на Фондот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. министер.

Дали господинот министер за финансии има нешто да додаде на ова?

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Немам по ова прашање што да додадам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам пратеникот Ристески, дали е

задоволен од одговорот?

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Во основа сум задоволен, меѓутоа да го информиран министерот утринава бев во посета на директорот на "Козјак" и од него добив информација дека документацијата е комплетно подготвена и дека е доставена до Владата, но не знам дали е и до Министерството за сообраќај и врски. Останува да се исконтактира со овие структури и доколку во Министерството постои желба да се реализира овој проект, верувам дека документацијата нема да биде проблем и ќе го реализираме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Илија Пемов.

**ИЛИЈА ПЕМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, како пратеник од Кавадарци за мене и моите сограѓани моментално сигурно нај актуелно е прашањето судбината на "Фени", најголемата работна организација во општината.

Во интерес на времето не би сакал да говорам низ што се поминаа вработените во "Фени", кои еве пак штрајкуваат, ниту за значењето на овој комбинат за Кавадарци, каде и без тоа стопанството е во многу лоша состојба. Токму кога сите помисливме дека е се решено, односно дека "Фени" ќе се продаде на стратешкиот инвеститор, за што како што знаеме, Владата донесе одлука, стигна веста дека на барање на Светската банка, таа одлука е повлечена и независен меѓународен советник треба да даде оценка за натамошната судбина на "Фени".

Затоа барам од Владата, веројатно министерот за финансии како шеф на преговарачкиот тим со Светската банка, ќе може најдобро изворно усно да не информира на оваа седница, што точно се случува во врска со "Фени", што сега бара Светската банка и зошто го бара тоа, кои активности се планираат или одвиваат во моментот, кои се роковите за тие активности, кога дефинитивно треба да се знае судбината на "Фени" и какви се шансите сега сепак "Фени" да се продаде, да започне пак да произведува и вработените да продолжат таму да си ја остваруваат својата егзистенција. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Пемов.

Има збор министерот за финансии, бидејќи тој е посочен во барањето на одговор, господинот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Пред неколку месеци Агенцијата за приватизација доби две по сериозни понуди за продажба на компанијата "Фени", кои Агенцијата за приватизација ги разгледа и ги достави до Комисијата за структурни реформи на Владата на Република Македонија.

Комисијата за структурни реформи на Владата и предложи на Владата да го прифати договорот што беше претходно договорен од страна на Агенцијата за приватизација со компанијата "Гленкор". Оваа компанија беше избрана заради големата меѓународна репутација што ја има.

И, Владата заклучи дека треба да го продаде "Фени". Во консултациите и во Информацијата што беше дадена и до Светската банка, бидејќи оваа компанија е дел од условите за започнување на преговорите со решавањето на процесот на оваа компанија, е дел од условите за преговори за аранжман со Светската банка, од нивна страна беше укажано дека нивните убедувања не се толку цврсти и дека компанијата е добро да биде продадена, односно дека на долг рок може да биде профитабилна. Значи имавме различно спротивставени ставови на Владата и на Светската банка, институцијата која што треба да склучиме аранжман.

Оттука, Светската банка побара од Владата на Република Македонија, за да се избегне било каква можност, дека Владата од преголема желба да не ги остави без работа вработените во "ФЕНИ", не била субјективна во оценката, да побара мислење на меѓународен советник со репутација од прв рејтинг, кој што ќе оцени дали навистина оваа компанија на долг рок може да биде профитабилна и врз основа на тоа Владата да влегува во аранжман за продавање, кој што аранжман меѓу другото значи и давање на одредени бенефиции или не. Врз основа на тоа беше издаден оглас во нивниот весник неодамна, кој што завршува на 10 април, кој што оглас всушност претставува меѓународен тендер за избирање на еден ваков советник.

Датумот на пријавување е 10 април, така што наскоро после тоа ќе биде избрана компанијата која што ќе треба да го даде независното мислење и очекуваме во еден релативно краток период после тоа, да го добиеме независното мислење. Договорено е дека доколку тоа мислење биде онака како што Владата на Македонија цени, односно позитивно, веднаш после тоа да се пристапи

кон продавање на компанијата "ФЕНИ". Тоа е од прилика она што можам да ви одговорам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник, ве молам дали сте задоволен од одговорот?

**ИЛИЈА ПЕМОВ:**

Добро, ќе бидам задоволен кога ќе се продаде "ФЕНИ", нормално, сега од одговорот засега е добро.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има господинот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Овие денови сме соочени со едно крупно безбедносно прашање, кое и можеше да се очекува доколку беа уважени сигналите кои ги праќаше и анализите кои ги даваше опозицијата, а тоа е толерантниот однос спрема некои можни радикални елементи во Република Македонија, кои во одреден момент можат да покажат таква сила што практично или да ја уценуваат Република Македонија како држава или пак да бидат партнер за договарање меѓу македонските власти и тие радикални екстрем ни структури. Станува збор за киднапирањето на четири припадници на Армијата на Република Македонија, кое се случи во неделата.

Со оглед на тежината на ова прашање, прашањето го поставувам до претседателот на Владата, министерот за одбрана и министерот за правда.

Имено за што станува збор? Има големо совпаѓање помеѓу киднапирањето на четири припадници на Армијата на Република Македонија и пуштањето од притвор на господинот Џевад Хасани со кауција од 200.000 германски марки. Инаку, личност за која е издадена меѓународна потерница, во врска со кривично дело извршено пред од прилика две години. Тука се неколку работи проблематични, од кои може да се извлече евентуален заклучок. Дали се работи за можен договор помеѓу македонските власти и структури на ОВК, кои очигледно делуваат и на територијата на Република Македонија и тоа како оправдување за пуштање на слобода на наведениот господин Џавид Хасани, со напомена да кажам дека тој нема врска со случајот Арачиново. Значи, се работи за сосема друг случај.

Според некои информации, тој аргумент се користел пред судските органи и обвинителството, како притисок да се дозволи со кауција од 200.000 германски марки дотичното лице да се брани од слобода, а дотичното лице сега веќе се наоѓа надвор од Република Македонија. Тука многу работи се сомнителни, нелогични и јас би сакал да го слушнам одговорот најнапред на премиерот, доколку е тој спремен да одговори на тоа прашање, во крајна линија тој е најодговорен како претседател на Владата.

Ако тој не е спремен или не му е важно тоа прашање, тогаш го молам министерот за одбрана или на крај министерот за правда, кој очигледно имал добри односи со господинот, бидејќи го посетил во затворот, како што е објавено во медиумите. Тоа беше прашањето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Лазар Китановски.

Со оглед на тоа дека моментално премиерот е отсутен, тука е министерот за одбрана, господинот Кљусев, па го молам да одговори на прашањата, а и министерот за правда е тука и тоа е во ред.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Како што е познато веќе на јавноста во недела во 5,30 минути од Караулата Танушевци четири члена патрола ја вршеше својата обврска, околу контролирањето на државната граница во нивна надлежност.

За време на извршувањето на своите обврски, патролата минувајќи низ граничната линија близу до селото Танушевци, која е непозната и не идентификувана група од 30 личности ги киднапирала. Тоа што нас не тревожеше е што се со судбината на киднапираните војници.

После десетина часови војниците беа пуштени со својата војничка опрема, со недостаток на неколку куршуми и се вратија во својата единица. Се разбира, иако немало физичка пресија, сепак психолошкиот момент делувал негативно врз самите нив и командантите, командирите на нивните единици побараа да им дадеме по 5 дена одмор.

Се поставува прашањето зошто, еве и пратеникот господинот Китановски поставува прашање, околу некој толерантен однос кон некои структури или дали ова совпаѓање на пуштањето на четирите војници, одговара со пуштањето на слобода на господинот Хасани. Или уште по драматично го поставува прашањето Китановски, дали тоа не е претходен договор помеѓу македонските власти и ОВК.

Јас како претставник на Министерството за одбрана, сите овие

проблеми во кои се сомнева пратеникот Китановски, можам да кажам дека нема никаква основа. За мене е важно чинот на киднапирањето, тој чин не е само денеска, вие се сеќавате и за време на Косовскиот конфликт и Југословенската војна беа киднапирани неколку НАТО војници на северната граница. Киднапирањето е криминален чин кои ние го осудуваме. Мотивите кои се, какви се и што се, нас не обврзаа да го повикаме командантот на силите на КФОР во Косово, во кој претседателот на државата го покани, разговаравме и тој самиот кажа дека основното начело на нашето барање ќе биде целосно исполнето, односно се исполнува во текот на времето, независно од ваков случај, да се засили контролата и безбедноста на границата од другата страна, северната страна на Македонија. И тоа, баравме да се постават софистицирана опрема од земја и од воздух за секое движење на помала или поголема група, да биде информирано Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и македонската Влада. За таа цел ние пред извесно време формиравме заедничка комисија за контрола на границата и размена на информации помеѓу претставници на КФОР, Министерството за одбрана и Министерството за безбедност, за внатрешни работи.

Оттука, чинам, дека сите овие наши акции кои ги поведуваме се знак дека ние нема да дозволиме некој слободно да се шета низ просторите на границата, сериозно обрнавме внимание, да се поведе истрага од страна на КФОР и да се фатат таквите личности, кои учествувале во киднапирањето на нашите четири војници. Сето тоа, ни дава и морално право да кажеме дека, независно од чинот на киднапирањето, кој што е како што реков криминален акт, зашто на секого може да му се случи поминувањето, поголема група да го фати. Прашање е околу мотивите и начинот, но не можам да прифатам некој да врши инсинуација македонските власти да се договарале со некои трети сили вон од Македонија за такви трампи или да има македонската власт толерантен однос спрема некои трети сили.

Јас сакам да го убедам Парламентот, дека ние превасходно ја штитиме нашата територија и нашиот интегритет. Ние целосно сме посветени на безбедноста на земјата, а живееме во еден немирен регион, каде што можат да се случат и вакви случаеви. Наше не е, затоа што немавме и можности да видиме кои се тие личности не идентификувани останува на КФОР да ги истражува тие работи на тој терен. Укажавме на средбата на некои канали, каде што можат да бидат фреквентни и тие преземаа грижа, тоа мошне строго и брзо да го контролираат.

Она што е важно, исто така, претседателот на државата вчера веднаш ги извести четирите големи земји на НАТО за овој случај да преземат мерки, да го информираат генералниот секретар Робертсон, командантот Кларк да дадат команда и наредба на силите ка КФОР и НАТО силите во Косово, секое движење мора да биде контролирано од нивна страна. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за одбрана.

Дали министерот за правда чувствува потреба да одговори, бидејќи беше повикан.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Господин претседателе, дами и господа, вистина е дека Министерството за правда, дел од Владата на Република Македонија има одредени надлежности и ингеренции во областа на правосудството и тие надлежности и ингеренции се сведуваат, главно во лобистичка поддршка, финансиска, правно - техничка поддршка во функција на органите на правосудството, да ги остваруваат функциите кои им се одредени према Уставот и према законот.

Што се однесува до случајот Асани, ценам дека кривично правната институција притвор, е мерка која ја изрекува судската власт, односно и ја укинува, кога се исполнети по закон одредените услови. Мислам дека и во случајот Хасани судот постапил во духот на законите наши и ценам дека тоа е стриктна надлежност на судот, бидејќи знаеме дека е тоа трета власт во земјава, како што е и оваа парламентарната, како што е и извршната. Секогаш и ние внимаваме да не задираме во тој дел, кој е најосетливиот во друштвото.

Што се однесува до посетата на министерот, знаете дека сепак Министерството за правда има поголеми ингеренции и надлежности во областа на затворите и министерот има право да ги посетува затворите, меѓутоа не се работи за овој случај, така што сепак не треба да подлегнеме на разни шпекулации, медиумски или било кој други. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за правда.

Дали господинот пратеник

Китановски е задоволен од одговорите?

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Не сум задоволен и би сакал да образложам зошто. Најнапред кратко за министерот за правда, а потоа ќе се задржам на целиот случај Министерот за правда пред извесно време кажа дека нашето судство е корумпирано и дека таму треба да има измени, а сега излегува со тезата дека тоа е независно, така што тоа самостојно си одлучува. Иако, информациите зборуваат за нешто друго.

Понатаму, не верувам дека судот без евентуален притисок, меѓутоа тоа треба да се провери, би пуштил лице без разлика дали е тоа Хасани, може да биде Петковски, Трајковски, Китановски, на лице кое пукало врз полицаец. И, тоа само после седум дена престој во притвор. Тоа мислам дека е невозможно и не знам дали имаме во нашата судска истражна практика таков случај.

Понатаму, не ми е јасно колку други затвореници посетил министерот или ова му е прва посета и му значела многу, од причини кои самиот тој ги знае и тие на кои им припаѓа по својата политичка филозофија. Така што, овие оправдувања мислам дека се сосема минорни, да не кажам потежок збор, не доликуваат на еден министер за правда во било која држава.

Сега да се вратам на целото сомневање кое се јави во јавноста. Од сето она што го кажа министерот за одбрана, единствено е точно дека тоа се случило околу 5,30 часот. Меѓутоа, еве како била целата ситуација. Патролата од 4 наши војници, еден професионалец меѓу нив одела по граничната патека, која припаѓа на Република Македонија, бидејќи прво беше спорно дека тие залутале, имаше некои информации мислам дури и од Министерството.

Тие оделе по грешната патека, иако е јасно обележана, што значи, не залутале, бидејќи биле искусни, меѓу кои, имало еден војник, кој има професионална обврска спрема армијата на Република Македонија, значи искусен војник. На таа група налетале тројца маскирани луѓе, во униформи на ОВК, со маски на лицето и цела среќа, еден од војниците ја репетирал пушката, меѓутоа, за среќа, му заглавил куршумот, затоа што, во тој момент, излегле 30, исто така припадници, со униформа, на ОВК, исто со маски на лицата. Тогаш овие виделе дека не ќе можат, и ако покажале волја да ја бранат територијата на Република Македонија, а виделе дека се во ситуација, дека не можат тоа да го направат. Биле разоружани, се зборува за Танушевци, познат е тој регион. Од Танушевци се водени околу 20 км. пешки, откако им е одземено оружјето, се разбира, во просторија, каде што ги пречекале уште 20 други луѓе, во исти такви униформи. Не е точно дека се вратени за 10 часа. Тие се вратени дури другиот ден, во раните утрински часови, во понеделник, и тоа се оставени без храна и без вода.

Она што е индикативно, меѓу еден од шефовите на групата, значи веќе биле 50 луѓе, се води разговор по мобилен телефон и се спомнува името на една личност, што е познат политички феномен во Република Македонија. Тие се повикуваат на тоа име дека тој кажал тоа и тоа, што треба да го реализираат. Значи се чека да заврши процедурата, околу кауцијата, од тоа можам да заклучам, за господинот Асани, тој да биде ослободен и тој во меѓувреме, може да ме демантирате, е вон Република Македонија и повторно е на Косово и тој е еден од лидерите на УЧК на Косово. Тој што е во однос на УЧК, тоа е проблем на Меѓународната заедница, на Југославија и на Косово. Јас зборувам дека имаме ситуација, кога формација, или човек, односно формации, има влијание и делува врз власта на Република Македонија. И делува на одредени групи, кој очигледно, се во врска со него и со некои други структури.

Јас морам да кажам, дека кога зборував, за така наречената шеста зона, многу луѓе не веруваа, а дел од новинарите навистина коректно пренесуваа, се интересираа и открија многу работи. Меѓутоа, дел од јавноста бараше деманти по секоја цена, дека тоа не е така. Меѓутоа, очигледно дека животот многу брзо покажа дека е така.

Само да потсетам дека, Американската делегација, кога беше во посета на Косово и тоа јавно го кажа, беше со задача дека не треба да има радикални елементи во Јужна Србија. Тоа е зоната на шестата зона. Сега имаме случаи, припадници исто така, кои делуваат на шестата зона, во кои спаѓаат Танушевци, Лојане и некои други околни села.

Само да напоменам дека, во тој разговор се зборува и на македонски со нашите војници и од прилика, "ние се знаеме, сме се гледале во Скопје". Од кога завршиле тие телефонски јавувања, групата пеш повторно е вратена на местото од каде што е земено оружјето и групата која ги придружувала се повлекла.

Сето тоа, сите овие елементи, зборуваат дека имало некакво договарање,

преговарање, да речеме претпоставки за договарање, на кој начин да се издејствува пуштањето со кауција на господинот Асани. Кој вршел притисок, за тоа не знам, сигурно знае власта. Тука беа спомнати и некои личности, кои учествувале, а веројатно учествувале како што вели министерот.

Меѓутоа, ова мене ми е многу сомнително, дека е направен на некој начин прекутен договор, како мотив, зошто се бара да се ослободи господинот Асани, со кауција да се брани од слобода. Премногу е сериозно прашањето, како за вакви радикални елементи, против кои сите ние, без разлика, дали се Македонци, Албанци, Роми, Турци, не е битно, го решаваме проблемот за седум дена притвор. А за некои по багателни случаи, луѓето лежат 30, 90 или 180 дена. Нема правна логика. Тоа мене ми создава дилема.

Затоа, не верувам дека судот, односно тој што одлучил, сам се одлучил на таков чин. Просто, не можам да верувам, затоа што нашите судии, сепак се судии со искуство. Некој за ова треба да понесе одговорност. И да ни биде опомена. Секое преговарање со терористички организации, на крајот искуството покажува, сепак завршуваат со катастрофа за секоја држава. Меѓутоа, тоа е знак дека и понатаму може да се делува. Јас кога зборував пред месец дена, зборував во интерес на сите во Македонија и Македонци и Албанци и Турци и Власи и Роми, да не ги набројувам сите, дека не е решение за Македонија, ако се радикализира состојбата во Македонија. Сите ќе страдаме во таа радикализација. Секој треба да си го понесе својот дел од политичката одговорност.

Политичките партии за политичка одговорност, Законодавниот дом за законите што ги донесува, извршната власт за тоа како се обезбедува безбедноста на Република Македонија. Индикативно е што, јас се сомневам дека тоа било однапред планирано, затоа што еден дневен весник, му се случи да најави, дека секако се случило тоа, значи имал информации, меѓутоа изгледа не била завршена целата работа и затоа се одложила за во недела. Инаку весник кој има информации, не го оценувам дали е добар или лош, меѓутоа имал информации, но очигледно не била допрецизирана работата и се одложила за во недела.

Не е ова критика, во смисла да бара глави, туку да бидеме свесни и да ни биде поука дека не смееме да влеземе во вакви комбинаторики, бидејќи тешко можеме да излеземе подоцна од таа ситуација. Токму во моментот, кога Меѓународната заедница прави напори на Косово, или во регионот, сите радикални елементи, да се направи обид да бидат маргинализирани, сузбиени, да им се откаже поддршката, бидејќи со радикални елементи Вие можете нешто да срушите.

Меѓутоа, не се создава ништо добро со радикални елементи. Тоа го покажува историјата.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Мислам дека за сите важи Деловникот и сите треба да го почитуваме. Бидејќи побарав процедурална интервенција, сметам дека имам право, токму од тоа што поставувањето прашање од страна на господинот Китановски, беше провокативно за сите пратеници и не доведе во една многу незгодна позиција. Тој изгледа сите работи, околу прашањето што го поставил, ги знаел. Дури подобро, од министрите, кои се по компетентни од него и тој изнесе едно излагање од неколку минути, не беше почитуван ниту Деловникот.

Доколку господинот Китановски сакаше да се изнесе по опширно по ова прашање, требаше да очекува некоја нова седница и на таа наредна седница да побара да се стави како точка на дневен ред, а не вака, на овој начин, да го малтретира целото Собрание и да се прави дека некои работи ги знае повеќе од сите.

Јас исто така сум пратеник и сакам да ги уживам истите права. Неговото излагање беше повеќе како еден вид информација, отколку како пратеничко прашање. Штом тој ги има сите детали од случајот, мене ме интересира зошто го поставува прашањето. Тука мислам дека стојат сите работи. Ние како пратеници во моментот сме доведени во многу не рамноправна положба. Беше изигрување со целиот Парламент.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави господинот Џевдет Насуфи, министер за правда.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Сепак мора да кажам дека, јас сум министер овде, не сум пратеник и во тој дел мислам дека господинот пратеник во случајот, Китановски, мислам дека не ми е позицијата да вршам политички притисок, односно политичка пропаганда во Парламентот, јас ценам дека ги изнесовме фактите, а фактите се тие. Врз основа на претпоставки ние не можеме да градиме вистина во случајов. Сметам дека на дисквалификации не би било добро да се оди и од една друга причина, бидејќи јас никогаш не сум рекол дека правосудството е

корумпирано.

Прво, судството ја дели судбината на сите нас. Меѓу нив можеби има и такви, меѓутоа никогаш јас тоа не сум го тврдел и не го тврдам и затоа би Ве молел и Вас и било кој, да не се служите со некои оценки дадени во медиумите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сакате да Ви се одговори писмено или ќе барате дополнителен одговор?

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Бидејќи се интересираа некои пратеници за целата оваа тема, би молел за општа писмена информација од Владата за првата наредна седница на Парламентот, со тоа што јас внимавав да не навредам некого, а така и завршив, ако се сеќавате, а доколку министерот се нашол погоден, јас можам само да му се извинам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред, тоа е коректно.

Има збор господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

До Владата на Република Македонија имам две прашања. Тие ќе бидат многу кратки, малку порелаксирани, за разлика од ова на пратеникот Лазар Китановски.

Иако се стремиме да одиме во Европа, ги вршиме преговорите за влез во Европската заедница, во овој 21-ви век, повеќе граѓани од Мариовска општина ме замолија, да го поставам ова прашање за две села. Тоа се селата Бешиште и Грумиште, кои се уште во 21-от век, немаат електрична струја. Дали е можно, да покренеме било каква иницијатива во Битола, преку Електростопанство, преку било кои организации, барем да добијат струја во овие две села, за да можат да се задржат во пределот на Мариово. Тоа ми е прво основно прашање.

Второто прашање, го темелев на една прекината акција, многу благородна, многу корисна и за Македонија како држава. Станува збор за комасација на земјиштето во Пелагонискиот регион, беше направена пилот Програма и работите започнаа за две села Воголарди и Егри, во рамките на системот Стрежево, но таа работа беше прекината, со доаѓањето на Владата на Бранко Црвенковски, заради немање на слух, на оваа витална операција, што треба да се направи во Македонија, барем за почеток да се започне, бидејќи одредени земји во Европа и овде на Балканот, уште пред многу години и векови, имаат направено вакква комесација на земјиштето. А користење на земјиштето од страна на мелиоративните системи, како што е Стрежево, без такви потфати на групирање на земјиштето, апсолутно не е можно во 21-от век.

Затоа го поставувам и ова второ прашање: дали е можно, во било кој планови на Владата на Република Македонија, во Министерството за земјоделие, можно е оваа започната пилот Програма за овие две села, за комасација на земјиштето, кое се наоѓа под системот Стрежево, дали може нешто да се започне и да се отпочне во Македонија, еден таков проект. Доколку е можно, или не можно, не мора да ми дадете усмен одговор. Барам писмен одговор, бидејќи прашањето е закочено многу одамна од Владата на Бранко Црвенковски, кој за жал излезе од седницата, а сакав да слушне, какви пилот Програми прекинуваше, додека беше неговата Влада.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

За збор се јави господинот Борко Андреев, министер за стопанство.

**БОРКО АНДРЕЕВ:**

Што се однесува за планот за електрификација, во рамките на Електростопанство на Македонија, постои и по тој план се постапува секоја година се реализира електрификација секоја година, на поодделни подрачја.

Не знам точно за овој регион, што господинот пратеник го потенцира, ние во писмена форма ќе му одговориме, какви се можностите и дали постои некоја можност, таа работа да се забрза и дали е овој регион во предвид, за поинтензивна електрификација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник, за тој дел, ќе добиете одговор во писмена форма.

Што се однесува до комасацијата, би требало да одговори господинот Ѓорчев.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Во рамките на проектот земјишна политика и катастар, кој што се одвива во две фази, финансирано од ФАРЕ Програмата, ќе извршиме консултација, со експертите на ФАРЕ Програмата, кој што се присутни во Министерството за земјоделие, затоа што целиот тој проект на земјишна политика, кој што има за основа создавање на соодветни законски и институционални аранжмани, за развој и воопшто окрупнување на земјиштето

во Република Македонија и недвижниот имот, за решавање на прометот и пазарот на земјишниот недвижен имот. Ние ќе дадеме, доколку овој Пилот проект, може да го активираме оваа година.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали господинот пратеник е задоволен од одговорот. (Задоволен е).

Збор има господинот пратеник Воислав Стојановски.

**ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувани членови на Влада.

Од овој момент и јас да го искористам микрофонот, кој долго време ми значи живот и се надевам дека ќе ми значи до крајот на мојот живот.

Најпрво, сигурно ни Вие во Собранието, ниту граѓаните на македонската држава не очекувате да Ви пеам песна, туку го зедов микрофонот да го искористам, за да поставам прашање до неколку министерства, со кои не поврзуваат нас, естрадните уметници во Македонија.

Веднаш на почетокот, би сакал да му поставам прашање на министерот за култура. Дали тој како ниту еден министер пред него, мисли да направи позитивни чекори во естрадата, област за која посебно сум заинтересиран, бидејќи сум нејзин член и претседател.

За разлика од порано, кога естрадата никаде не се спомнуваше и кога воопшто не беше опфатена во видео кругот на Министерството за култура, со доаѓањето на оваа Влада, дали во тоа министерство ќе почне, не само да се размислува за естрадата, туку да се прават конкретни чекори.

Како естраден уметник, јас би сакал да кажам неколку реченици за состојбите во естрадата, се надевам како дел од културата.

Во периодот наречен транзиција и естрадата се бореше да го најде своето место. Но во првите неколку години на независност, работите беа такви, како што не посакуваше никој од нашите естрадни уметници. Гостувањата на ѕвезди од бившите ЈУ простори, беше секојдневно и толку масовно, што ја успоруваше и поточно ја запре работата на нашата естрада. Ако човек земе да пресмета, кои се гостуваа кај нас и колку средства се прелеаја во други држави, без да се платат одредени давачки кон државата, човек мора да се запраша, кому сето тоа му одговараше, да дојдат, да отпеат, да ги земат парите и сето тоа да го прокоментираат, "бевме да молземе овци низ Македонија".

Ако ги платеа давачките што требаа да се платат, а што се плаќаат во сите земји при гостување на странски естрадни ѕвезди, мислам дека од Македонија ќе си отидеа со поинакви размислувања за нас и за нашата организираност. Во последниве 10 години дојдоа по пари и оние кои Македонија ја сметаат за длабока провинција. Дури и тие кои, со години изјавуваа дека никогаш нема да дојдат. Но дојдоа, бидејќи таму се веќе "испукани пушки" или "потрошена муниција", а и на нивниот народ таму не им е до песна и свирка.

Ни тогаш, ни сега, никој не е против нивното доаѓање и од колегијална и од професионална гледна точка. Но, крајно време е да се најдат решенија тие да ги подмируваат давачките кон државата, што секако, не се мали. Се надевам дека ова Министерство тоа ќе го стори.

Во изминативе 10 години залудни беа нашите чести посети на институциите: Министерството за култура, Министерство за финансии, Управа за приходи и сл., и дека некој треба да ги следи овие гостувања, а државата да го прибере делот што и следува. Дали некој намерно сето тоа го негираше како обврска или некој од сето тоа имаше соодветна лична корист не знаеме. Но, знаеме дека тоа предизвикуваше не одобрување од нашите естрадни уметници, на кои подолго време не можеше да им се објасни во што е проблемот.

Во последнава година, бројот на гостувањата е значително намален, што секако е придонес на министерот и ова Министерство. Но, сега сакам да го запрашам истиот министер кога смета да седне со нас и заеднички да поразговараме и да го решиме статусот на естрадните уметници, кои за жал од секогаш имале не решен статус.

Исто така, една од нашите заеднички обврски е и решавањето на звањето истакнат уметник, изработување на критериуми кој може да ја добие оваа титула, затоа што придонел за афирмација на сопствената земја во светот и било за што и т.н.

Мислам дека во периодот, што е секако краток и за кој што не можат да се дадат реални проценки и оценки, министерот и Министерството за култура не направија значителни чекори за сузбивање на шундот, што го имавме премногу во изминативе десет години. Тоа нешто никој не го спомнуваше како проблем во нашето целокупно културно живеење.

Исто така, во соработка со Министерството за култура и со личен ангажман на министерот за култура би сакале да решиме мноштво проблеми што ги тиштат членовите на Здружението на естрадните уметници на Македонија, кои исклучително егзистираа од оваа дејност, а нивниот број е голем. Да не зборувам за бројот на оние кои од нив чекаат.

На крајот, прашање до Министерството за сообраќај и врски, бидејќи неколку дена во ова Собрание се водеа жолчни дискусии за радиодифузните корисници. При издавањето на концесиите дали некој води сметка за нивните програми? За поголемиот дел од приватните радио и телевизии, одговорно тврдам дека програмите ги исполнуваат со народна и забавна музика, без да почувствуваат одговорност кон авторите и нивните права за надоместок.

Затоа пак, одреден број радио и телевизиски станици ги трујат слушателите и гледачите со невиден шунд на странска музика, најчесто создавана од автори, изведувачи од северниот сосед. Не сум сигурен дали е тоа заради избегнување на надоместокот на авторските и изведувачките права или пак, жал за некое минато, што ние естрадните уметници, често пати го викаме “жал за Деспина", со надеж дека за македонските естрадни уметници од сите сфери од културата, ќе дојдат добри времиња и дека нема да ни се случуваат случаи "Ристо Шишков".

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Воислав Стојановски.

Главно, неговите прашате беа насочени кон Министерството за култура.

Министерот за култура, нашиот поранешен колега и координатор Љубен Пауновски кој е присутен, па доколку може да одговори усно, како што е неговиот обичај, или ако не, тогаш писмено.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Имаше многу прашања и треба да се одговори писмено, поради обемноста. Но, неколку работи ќе се обидам на кратко да одговорам.

Се согласувам дека има место голем дел од овие прашања да бидат разгледувани посебно, генерално, за начинот на соработката меѓу естрадните уметници и оној домен и сегмент што упатува на директна соработка и со Министерството за култура. Најголем дел од овие прашања се сврзани со авторските права, кои што во Македонија, сепак се уште не се добро решени. Тоа се наследени, отворени прашања, впрочем како и многу други прашања во доменот на културата.

Меѓутоа, она што е најкарактеристично за естрадните уметници во Македонија, тоа е прашањето на пазарот и публиката. Од една страна, на некој начин ова е помало подрачје за функционирање на пазарниот елемент, но од друга страна се покажува, а тоа го тврдат и самите естрадни уметници, дека пазарот е сосема добар и доволен за некоја, како што тие ја нарекуваат носталгија на разно - разни гостувања.

Меѓутоа, треба да бидеме свесни дека од една страна ова не може да биде регулирано со конкретни законски норми, односно забрани, бидејќи забраните не може да бидат регулирани во доменот за кој е надлежно Министерството за култура. Но, во еден друг домен, на пример настапувањето и ангажманот на естрадни уметници на други, било кои простори надвор од Македонија, во јавните угостителски локали, тоа сепак не е во доменот на Министерството за култура и тука се согласувам дека треба тоа да биде регулирано. За тоа надлежностите се на друго место.

Треба да биде регулирано, од причина што тој конкретен ангажман подразбира конкретен профит, привлекување клиенти, а истовремено и исплаќање хонорари на оној кој е ангажиран. Тој вид на проблеми треба естрадните уметници, сами да покренат иницијатива и да ја доставатт, да се упатат онаму каде е надлежноста за тоа. Да се изборат за регулирање на овие прашања, но, пак во доменот на прашањата во кои е многу тешко да се навлегува.

Сега, прашањето на вкусот е феномен, кој со тек на време се изградува. Во однос не на заштитата, туку на негувањето на домашната естрада, можеби комплексот на оние кои треба да придонесат за сето тоа, се и електронските медиуми. Во тој домен, начинот на кој тие ќе се однесуваат, како ќе ја застапуваат македонската естрада, особено кај приватните медиуми, не може никој да им се меша.

Меѓутоа, се согласувам дека постои еден дел, доколку се афирмира естрада што е надвор од Македонија, а за тоа повторно имаме проблеми со авторските права по сите основи, па се разбира и по основ на преземена програма, во Македонија тоа масовно се практикува, се согласувам дека и тоа треба да се постави и да се изгради.

Така што, ова прашање подразбира многу по сериозна анализа. Најголем дел од проблемите би биле решени доколку самата македонска естрада поведе сериозна иницијатива и да ги провери сите надлежни места, за оние проблеми за кои што естрадата е заинтересирана и да побара конкретни решенија па дури и да предложи одредени решенија за овие прашања.

Втората крупна сфера што може за ова да придонесе, тоа е прашањето за издаваштвото на вредностите на македонската естрада. Во тој домен сега веќе функционира пазарната економија. Се надевам и верувам дека македонската естрада е премногу интересна, битна и барана на македонскиот пазар. Но, доменот на продукцијата, морам да ви признам дека за овие прашања не ми е познат. Но, исто така се согласувам со луѓето кои се заинтересирани за овие прашања, дека до пред неколку години, значи до пред извесно време, сепак најголемата продуцентска куќа за овие прашања во Македонија, тоа е Продукцијата на МТВ, имаше не сфатливо премал слух за издавање на композициите, на песните на македонските композитори, на македонските пејачи, со што ќе беше создадена една далеку поголема традиција и на вкусот и на односот кон македонската музичка естрада и на побарувачката. Така што тие прашања, на оние кои работеле во продукцијата на МТВ им се познати.

Господинот Војо Стојановски многу убаво знае дека, Македонија требаше да чека 50 години за да се издаде еден компакт диск за легендата на македонската музика, како што е Бабиќ, па и Сариевски и Васка Илиева. Тоа се направи оваа година, проект започнат минатата година, значи, внимавајте, после 50 години пејачи кои се легенди, кои можете да ги најдете со најголемите легенди, ѕвезди на гласовните можности во светот и музика која што, иако трае три до пет минути, можете да ја сравните со најголемите класични вредности на западноевропската музичка класика. Тоа беше направено дури после 50 години откако на чело на таа куќа дојде г. Љупчо Јакимовски, кој во овој Парламент беше страшно критикуван. Меѓутоа, ние имаме дело од него, имаме резултати. Извадени се од прашината гласовните и музичките вредности на ова поднебје.

Така што ова го зборувам, бидејќи вашето прашање заслужува сериозно внимание, меѓутоа само би предочил на едно, со забрани не се постигнува ништо, затоа што мерилата, иако се некои работи видливи во доменот на кичот, не можат на таков начин да се завршат, туку комплексот на ова прашање, барем од овие 4 -5 елементи што ги спомнав, треба да биде составен и да се создаде еден амбиент во кој што, македонската музика за која што вие сте заинтересирани, музиката во Македонија, ќе си има свое место, ќе биде регулирана на пазарот, ќе биде регулирано авторството и на композитори и на пејачи, а ќе има место и за сите други. Тука се согласувам дека има премногу простор за решавање на овие прашања.

Еве, доколку ова сепак, целосно не задоволува, Министерството за култура сепак ќе направи писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. министер за култура.

Дали г. Стојановски е задоволен од ова прашање.

**ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, задоволен сум, затоа што ете, покажа заинтересираност.

Инаку, јас и пред тоа кажав многу министри и министерства за култура пред тоа, не сакаа ни да не сослушаат. Му благодарам што не упатуваат да бараме ваму или таму. Ќе појдеме еден ден и кај него, ќе му кажеме каде сме барале.

Меѓутоа, мислам дека во еден момент погрешно ме разбрал дека сум се трудел за некакви забрани. Не реков забрани. Само, ме интересираше надоместокот што треба државата да го добие од тие нивни гостувања, дали го добива? Дали легално доаѓа или тие пари што требаше државата да ги земе одеа некаде во нечии џебови. Во таа смисла.

И, трето, издавањето на касети или компакти, знаеме, познато ни е, меѓутоа ние изнаоѓаме начини како нашите песни да ги ставиме на тие компакти или касети. Сите тие работи ги имаме. Зборот беше како се користат и дали ние добиваме од тие радио - станици. Не велиме дека не ги користат.

Напротив, мислам дека сме многу експлоатирани, а од тоа не добиваме ништо како изведувачи. И тука, во тој домен, мислам дека бев погрешно разбран.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Министерот за култура повторно сака да се вклучи во расправа.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Не станува збор за погрешно разбирање. Јас спомнав дека авторските права во Македонија не се регулирани, а

морам да ви кажам искрено, иако постои Закон за тоа, немало доволно волја да се спроведува. Тука, ситуацијата е многу јасна.

Апсолутно, загриженоста држи, затоа што точните права се реализираат по разни основи. Меѓу, другото и по овој основ што беше спомнат, употреба на тој музички производ од страна на кое радио или телевизија. Во тој домен тие работи не се регулирани, онака како што треба да бидат регулирани.

Околу прашањето на забраната, не беше во прашање Вашето мислење, Вашето тврдење, туку тоа беше како едно генерално тврдење.

Околу прашањето дали државата ги собира процентите што и следуваат, морам да Ви кажам дека врз една, сепак по скромна анализа што успеав до сега да ја направам, во право сте, до сега не се покажувал интерес она што и припаѓа на државата да се собере. Естрадата е, можеби уште само како спортот, најмасовен вид на комуникација со јавноста, со гледачите или со публиката. Тука апсолутно се согласувам дека е така. Дали се тоа некои концерти што се одржуваат пред голем број публика, дали се ангажмани по угостителски локали или од било кој карактер, таа сфера не е средена и се согласувам со Вас дека, можеби, малку поголема паника кај некои кои не би сакале да се среди ова прашање се појавува, за тоа што Министерството за култура се изјасни дека на овој план има стравични пропусти и внатре, интерно во културата во нејзиниот систем, што целосно инаку е финансирано од Буџетот од државата, има премногу пазарно функционирање. Значи интерно внатре, како што велиме ние подземно, се случуваат многу ефикасни пазарни функционирања.

Ова министерство има намера овие работи да ги разреши. Се разбира ако некој тоа го создавал или го дозволувал да се случува или немал доволно сили да се справи со тоа, не може преку ноќ, но се надеваме дека во наредниот период тоа ќе биде регулирано.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за култура.

Се надевам дека г. Стојановски со ова дополнително објаснување е задоволен.

Збор има г. пратеник Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Господине претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници.

Првото прашање е до Министерството за млади и спорт. Пред неколку месеци ракометниот репрезентативец Игор Котевски доживеа тешка сообраќајна несреќа на патниот правец Велес - Прлеп на Плетвар, при што беше тешко повреден. За жал загинаа неговата сопруга и малата ќерка. Во фазата на долготрајното лекување и рехабилитација, се испостави дека за него воопшто не е платено здравствено осигурување, што директно се коси со Законот за спорт, за професионален спорт, бидејќи тој спаѓа во професионални спортисти.

Ова прашање го поставувам на барање на неговите родители, кои страшно огорчени мораа да трошат сопствени средства за неговото лекување и затоа прашувам дали Министерството за млади и спорт е запознато со случајот, што превзело во однос на одговорноста на оној кој бил должен да уплати здравствено осигурување за овој млад спортист.

Второ прашање, до Министерството за стопанство, до каде е анализата на владината комисија со ново настанатата ситуација во Битолската фабрика за шеќер. На берзата, знаеме дека е продаден дел од акциите на Шеќераната во Битола, по што следеше реакција на вработените и е формирана една комисија во Владата што, така да речам, го испитува овој случај.

Следното прашање, исто така за Министерството за стопанство, колкава е проценката на штетата во РЕК – Битола, по хаваријата минатата година, кои биле причините и што е превземено во врска со тоа.

До Министерството за финансии, што превзема Министерството за финансии после воведувањето на ДДВ, со можноста за шпекулативно ѕидање на цените. Бидејќи граѓаните не се економски експерти, а ќе се согласиме сите дека постои можност за шпекулативно ѕидање на цените. Дали Министерството планира некакви контроли, како би се оневозможила појавата на вакво ѕидање на цени, со што би биле оштетени граѓаните.

До Министерството за сообраќај и врски, што е превземено за обезбедување на железничкиот премин кај с.Могила во Битола, каде пред неколку месеци имаше тешка железничка несреќа, при што се изгубени три млади животи и двајца тешко повредени. Колку што ми е мене познато правен е некаков обид, дошле претставници на Македонски железници на лице место го разгледувале теренот и предложена е

некаква солуција, меѓутоа до каде е сето тоа би сакал министерот да објасни.

До Министерството за здравство, што превзема Министерството за здравство во смисла на создавање на едена институција за лекување на зависниците од дрога, со адекватни просторни услови и стручен третман на ваквите лица, бидејќи состојбата на ова поле е под сите стандарди.

И повторно уште едно прашање и тоа е последното до Министерството за здравство, како е извршено подметнувањето од страна на КФОР со веќе починатиот војник од сида во единицата за интензивна нега на хируршките клиники. Што е превземено во однос на овој настан, бидејќи не пријавување на заразна болест е казниво дело според сите правила и прописи за работа со заразните болести и препораките на Светската здравствена организација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Најнапред беше поставено прашање до Министерството за млади и спорт, до министерот Ѓорѓи Боев.

**ЃОРЃИ БОЕВ:**

Јас би почнал од завршната реченица на г-динот пратеник, дали требаше некој да одговара, затоа што спортистот не бил осигуран.

Точно е дека за време на настанот на несреќата се констатира дека, спортистот во тој период не бил осигуран, што бил должен Сојузот или клубот да го осигура. Министерството за млади и спорт контактираше со сите фактори во врска со овој случај и со Костозглобната болница во Охрид, каде што беше на лекување. Колку што можевме вложувавме напори и имавме одредени ингеренции како Министерство да помогнеме и за тоа се заложивме, а бидејќи станува збор за една одредена процедура, каде што е поврзано со одредени суми, бројки и т.н., јас би го замолил пратеникот еден дел од ова прашање, па и целосно одговорот на ова прашање да го доставиме писмено, затоа што во овој момент не располагам со одредени релации помеѓу Ракометниот сојуз, клубот "Вардар" Ватростална, Министерството за млади и спорт и Костозглобната, или другите установи кои што учествуваат во помагањето за лекувањето на ракометарот да можеме на писмено да му го доставиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Следното прашање беше до Министерството за стопанство, во врска со Шеќераната и РЕК Битола.

**БОРКО АНДРЕЕВ:**

Како што знаете процесот на приватизација во фабриката за шеќер, беше од особен интерес и за јавноста и за самите вработени.

Таму беше извршена една блок трансакција околу приватизација, односно продажбата на акциите на Шеќерана на фирмата "Ашталт" од Линхенштајн.

На тоа реагираа вработените во фабриката за шеќер, затоа што сметаа дека им е одземено правото тие да ја купат фабриката и да се појават како стратешки партнер. Настана една ситуација, во која што имавме условно речено две вистини.

За таа цел Владата на една од минатите седници оформи Комисија, која што имаше за задача да ја утврди фактичката состојба околу приватизацијата и дали евентуално во тој смисол се направени некакви пречекорувања во постапката.

Комисијата е формирана, таа работи, се надеваме дека за една седмица ке се заврши работата на Комисијата и согласно Одлуката на Владата, на Владата ќе и презентира свои заклучоци и предлози за разрешување на таа состојба. Тоа е одговорот на првото прашање.

Второто прашање, претпоставувам пратеникот го поставува во врска со хаваријата што баеше минатата есен, есента 1999 година. За тоа има изготвено извештаи, соодветни анализи. Не би можел сега во овој момент да му кажам одредени детали од тие анализи и согледувања, па би замолил во писмена форма да ме информирате.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаше едно прашање до Министерството за финансии до г-динот министер Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во врска со мерките што се преземаат за да не дојде до шпекулативно зголемување на цените, заради воведувањето на ДДВ, морам да кажам дека преземено е се она што се превзема во сите други држави при воведување на данокот на додадена вредност во последните 10, 15 години, оние по софистицирани и по модерни методи што се превземаат во сите други држави во последните 10, 15 години. А тоа е кампања за информирање и за едукација на населението. Сакам да кажам дека само на многу краток рок е можно било какво шпекулативно покачување на цените. На малку подолг рок што значи повеќе од два месеца тоа е неодржливо, бидејќи

природниот Закон за конкуренцијата ќе си го стори своето и цените во период од месец до два што биле од шпекулативен карактер зголемени, односно користејќи ја психолошката состојба во државата, дури во ситуации каде што нема услови со воведување на ДДВ, да се покачи малопродажната цена, а е покачена.

Значи сето тоа ќе си дојде на свое место со самиот природен Закон на конкуренција и со кампања за информираност и едукација на граѓаните, кажувајќи им притоа кои производи навистина ќе бидат подложени на покачување на цените заради воведување на ДДВ, кои нема да бидат и за кои се создаваат услови цената да намали, малопродажната цена да биде намалена после воведувањето на данокот на додадена вредност. Во таа смисла одржани се голем број на курсеви, на семинари, на брифинзи со новинарите, отворени телевизии, телевизиски и радио емисии, платени објави во весниците, посебен платен е  просторот на кој што се одбележани стоките, кои што не само не треба да им биде зголемена цената, туку треба да им биде и намалена и разни други начини на комуникација со јавноста. Тоа е мерка која што ја проверивме во сите други држави била преземена, така што во една пазарна економија друго не е добро да се преземе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Министерот за сообраќај и врски ќе одговори.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Тоа е прашање кое што спаѓа во групата на прашања, со кои што веќе сум запознаен заради настанот што се случи. Морав лично да бидам информиран и можам веднаш да кажам дека изградбата на надвозникот на патниот премин Могила на пругата Велес – Битола, претставува прв приоритет за Министерството за сообраќај и врски. Веќе е изработен и ревидиран главниот проект за надвозникот Могила. Потоа изработен е елаборат за експропријација на земјиштето, кое треба да биде одземено за да се реализира овој Проект и веќе се предвидени почетни средства од 5.милиони денари, во рамките на средствата со кои што располага Фондот за патишта за оваа намена и воопшто сите средства кои што се предвидени за одржување на патните премини ќе бидат насочени од фондот кон овој патен премин Могила, со цел во најкраток можен период ова прашање да се реши. Така што, во завршна фаза сме на почеток на експропријација на земјиште и градбата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И конечно уште едно прашање до министерот за здравство.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Едното прашање се однесуваше на проблемот на наркоманијата.

Јас му благодарам на колегата Јованов за ваквото прашање, затоа што навистина мислам дека за овој проблем треба гласно, конечно, гласно и конкретно да се проговори. Поаѓајќи од еден број на регистрирани наркомани, мислам на интервенски наркомани, од 180 регистрирани луѓе од 1989 година, денес регистрирани наркомани практично и не знаеме колку има. Тоа се сигурно преку 20-тина и повеќе илјади. Вистинскиот број можеме само да го претпоставуваме.

Значи од прилика во тек на една деценија имаме, можеме дури и математички модел да воспоставиме, па да претпоставиме дека по геометриска прогресија се зголемува тој број. И тоа се претежно млади луѓе, кои што се со некоја средна возраст во тинејџерските години. Со други зборови, цената или данокот на транзицијата во која што сме, очигледно младите ја плаќаат. И во таа смисла се покажа во последно време, дека капацитетите со кои што располага нашето здравство за третман, ако сакате и за превенција на ова зло, на оваа чума на XXI век, дека капацитетите не се доволни, далеку од доволни дека се инсузициентни сосема и дека е сосема контра продуктивно третманот на зависниците од droги и други наркотични средства да се третираат во психијатриска болница, онаа која што ја имаме Психијатриската болница Скопје во с. Бардовци.

Оттука произлезе една иницијатива од една страна од колективот на Психијатриската болница, од друга страна со сесрдна поддршка и помош на Владината Комисија за дроги, секако и во консултации со Министерството за здравство да се направи еден Елаборат. Тој Елаборат е подготвен, понуден е кај нас во Министерството, само треба така да речам формално да се одобри и да заживее, Елаборат кој што се однесува на воспоставување на еден сосема одвоен нов автономен систем или мрежа на институции што ќе се грижат специфично за припадниците на оваа специфична така да речам категорија население, категорија зависници.

Тоа значи дека би бил формиран еден центар Републички така да го наречам во Скопје, со подрачни единици на секаде во Републиката. Не би можел да кажам сега во овој момент дали во секоја општина, или во регионални центри низ Републиката, меѓутоа таа мрежа со центар во Скопје би се грижела пред се за третман на зависниците, во смисла на она фамозно делење на супституциона терапија, која што сега е толку на страниците на нашиот печат, оние познати турканици, тепачки, интервенција на органите за внатрешни работи и т.н., е едно практично не достоинствено однесување и третман на тие несреќници.

Мислам дека со ваквата регионализација и една децентрализација ќе се разреши тој проблем, континуитетот на снабдувањето конкретно со метадон ќе се подобри, а ми се чини дека сите тие во своите матични места ќе можат да имаат и еден така да речам, едно поголемо спокојство и можност близу своето огниште да појдат, да најдат свртилиште и совет во одредени кризни моменти, или дури обична младина да појде и да добие совети од превентивна содржина. Мислам дека ова прашање е на време, кога ќе се реализира, затоа што средства практично и кој знае колкави не се потребни, а имаме поддршка и од Светската здравствена организација, која што ни понуди експертска помош во оваа смисла. Тоа е првото прашање.

Второто прашање се однесуваше на оној несреќник што почина од сида, кој што беше пренесен од Косово во Центарот за интензивна нега на Клиниката за хирургија. Имено прашањето беше дали знаевме, дали бевме информирани, дали постоела обврска да бидеме информирани и т.н. Со оглед на тоа што во прашање е заразна болест. Ќе го кажам следното. Војникот бил витално загрозен, војникот не бил така да речам примарно априори предвиден да биде пренесуван во Скопје. Војникот откако се констатирало дека е витално згрозен, животно загрозен, промпно било решено од страна на екипажот на хелихоптерот да побараат помош за него во Скопје. Сега можеме да дискутираме дали тие биле обврзани, или не биле обврзани, дали требале, или не требале да соопштат кога побарале влез во Македонија да го донесат пациентот, да ги кажат сите факти во врска со неговата болест. Јас за тоа не сакам да дискутирам еве зошто.

Затоа што од етички аспект, од аспект на принципите на Хипократовата заклетва: човек независно од каква болест е заболен, а е витално загрозен, не се поставува прашање каква дијагноза има, па да видиме дали ќе му го спасуваме животот, или нема да му го спасуваме. Значи во тие моменти едноставно друга одлука не постоеше. Едноставно во тие моменти тој човек витално загрозен морал да биде примен на третман во нашите здравствени институции.

На крај нормално се испостави дека навистина станува збор за сида. Што се однесува до евентуалните ризици да ги наречам епидемиолошки за распространување на заболувањето во околината, меѓу персоналот кој што го третирал болниот, тврдам, не како министер, туку како епидемиолог дека ако се придржувал персоналот до принципите на добрата пракса, односно до принципите, строгите принципи на стручната процедура на својата работа, а јас можам да кажам дека тоа особено добро го почитуваат и се придржуваат кон тие принципи во Одделот за интензивна нега и реанимација при Хируршките клиники во Медицинскиот факултет во Скопје. Тврдам дека ниту теоретски ризици за инфекција не постојат. Тоа е едната работа.

Што се однесува до решавање на вакви проблеми во иднина, мислам дека сепак треба да се потпише или да се дополни меморандумот на согласност и некој документ кој постои меѓу КВОР и нашата Влада, во кој ќе бидат прецизирани некои точки, сепак да постои обврска, на некој начин однапред да бидеме предупредени за каков пациент станува збор.

Останува фактот дека, ќе беше подобро ако однапред знаевме дали имаме работа со пациент болен од сида.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на министерот Даниловски за одговорот.

Дали пратеникот Никола Јованов е задоволен од одговорот.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Само на кратко околу овој починат од сида.

Интермедицинската коресподенција не подразбира медицинска тајна. Во интермедицинската коресподенција нема медицинска тајна. Никој не вели дека војникот требало да биде оставен. Јас се согласувам дека бил во животно загрозена состојба и т.н. Тоа е битно, заради тоа што персоналот требало да преземе соодветни мерки како би се заштитил себеси и токму заради тоа е недозволиво да ја криете

состојбата меѓу медицински лица, да ја криете здравствената состојба на болниот. Чисто заради заштита на персоналот кој ќе манипулира околу болниот или заштита евентуално на другите болни што се наоѓале во близина.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Даниловски, сака да даде свој коментар.

**ДРАГАН ДАНИЛОВСКИ:**

Во ред е, се согласувам. Јас и пред малку реков на некој начин е не коректно што однапред, од страна на КВОР силите на Косово, нашата здравствена служба барем не беше информирана, дека пациентот страдал од основна болест сида.

Навистина ќе беше полесно мерките на претпазливост да се спроведат, ако знаевме со каков пациент имаме работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Сакам да поставам две прашања.

Првото прашање сакам да го упатам до министерот за стопанство. Во времето на општествената сопственост, преработувачките капацитети се градеја во одредени рудници, кои што се блиски до технологијата на тие капацитети. Во времето на трансформација на капиталот, поточно приватизацијата, таквите објекти се приватизирани и сопственикот на тој објект ги користи националните блага на државата, тие рудници. Минатата Влада неколку такви објекти приватизира како на пример "Цементара" - Скопје и "Радика" – Дебар. Во меѓувреме влегоа и странски партнери, не знам каков им бил договорот, дали во договорот стои да се користат рудниците без да плаќаат, затоа што они сега остваруваат профит кој е нивни, а користат национално благо.

Прашувам дали се плаќаат концесии. Ако не, што мисли сегашната Влада, дали тоа ќе го продолжи, со оглед на тоа што минатата Влада го направила намерно или како гаф, не знам. Тоа е едното прашање.

Второто прашање би го упатил до министерот за земјоделие. На една од претходните седници кога зборувавме за дополнување на Законот за шуми, имав една иницијатива за експлоатација и користење на приватните шуми. Тогаш беше присутен и заменикот министер и во писмена форма му е дадено. Ме интересира дали е земена во процедура и дали некоја наредна седница ќе се врши дополнување на Законот за шуми.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Љупчо Анушев.

Првото прашање беше упатено до министерот за стопанство.

Има збор министерот за стопанство Борко Андреев.

**БОРКО АНДРЕЕВ:**

Ова прашање, со стариот Закон за концесии беше така уредено, што се издаваше одобрување за користење на националните блага, затоа што спрема тогашната квалификација се што беше во државата имаше третман на национално благо.

Со законот што е во сила, е воведена категоријата концесија. Без разлика дали некој е приватизиран или не е должен е за одредено природно благо, дали е тоа рудно или водно, да плаќа концесија. Во таа смисла и спомнатите две претпријатија "Цементарница" - Скопје и "Радика" од Дебар, имаат добиено решение за концесија, со тоа што се искористени членовите 141 и 85 од Законот за концесии, каде им се дава право по автоматизам одобрувањето да се претвори во концесија.

Што се однесува до контролата, дали овие компании го плаќаат надоместокот за концесија, тоа не е во наша надлежност. Тој е во надлежност на Управата за јавни приходи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Анушев, дали сте задоволни од одговорот на Вашето прашање.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Делумно сум задоволен.

Ме интересира, во период кога не плаќале, како и на кој начин тој дел од профитот што тие го имаат остварено, а тој не е мал, ќе влезе во Буџетот на РМ.

Сега во вториот дел ми се наметнува едно друго прашање. Тогаш тоа е прашање до г-динот Станинов, дали тие компании ја плаќаат концесијата и дали е тоа проверено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа е веќе до Министерството за финансии.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Не го гледам тука министерот за финансии, за тоа го насочив прашањето до г-дин Станинов.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-линот Борко Андреев сака да одговори.

**БОРКО АНДРЕЕВ:**

Не знам дали г-динот Анушев ме разбра. Овие две компании имаат добиено решение за концесија, значи за концесионо користење на националното благо, согласно кое решение, тоа што е дефинирано и износот и надоместокот за плаќање па искористувањето на тоа национално благо. Тоа што некогаш беше, беше. Сега зборуваме за една сосема поинаква ситуација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Второто прашање што го постави г-динот Анушев, е до министерот за земјоделие.

Има збор министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство, г-динот Марјан Ѓорчев.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Со измените и дополнувањата на Законот за шуми, ние дозволивме со посебна одредба од законот, за лицата кои живеат во населени места блиску до државните шуми, да можат со посебна уредба, со подзаконски акт да се врши сеча на таков начин, што ќе се овозможи нивно подобро снабдување пред се со огревно дрво, но можеби и со техничко дрво.

Инаку во вкупната експлоатација на шумите, учествуваат како на шумите кои што се во државна сопственост и шумите во приватна сопственост. Тука прашањето е поврзано со Законот за денационализација. Во смисла на тоа кога ќе се реализира тој закон, автоматски ќе има импликации во Законот за шуми и тогаш ќе биде регулирана целокупната сеча во приватните шуми.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Анушев дали сте задоволни од одговорот.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Г-дине претседателе, јас ќе поставам неколку кратки прашања и сакам да добијам кратки одговори.

Првото прашање се однесува за населбата Синѓелиќ. Ние пред малку се договоривме и со министерот. Таму навистина е еколошка катастрофа, има поплавени куќи и дворишта, луѓето веќе живеат и под кирија.

Барам под итно да се преземаат мерки од страна на Министерството, односно од страна на Водостопанство, ако постои таква агенција и тоа под итно, дури и денес е доцна, затоа што еден голем дел од населбата е поплавен.

Второто прашање се донесува за браната на реката Лојанка, односно Лојанска река. Во 1998 година влезена е во проектот на Владата, како проект кој треба да се реализира. Значи има проект, финансирани се околу 4 милиони денари, направени се одредени активности, поставена е главната цевка, бетониран е основниот дел, сега треба да се насипе со земја. Значи една мала акомулација за водоснабдување.

Само кратко образложение. Рудникот Лојане околу 30 години бил експлоатиран од страна на нашата држава, учествувал во градењето на градот Куманово и на Скопје, а веројатно и на други објекти во кашата држава, заслужува внимание оваа брана побрзо да се гради.

Првото прашање го упатувам до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Второто прашање е упатено до министерот за урбанизам.

Третото прашање што сакам да го поставам, би било насочено до министерот за сообраќај и врски.

Во населбата Синѓелиќ, исто така не може да се поминува и да се оди во другата населба и во осум други населби. Тоа е катастрофа. Прашањето е какви мерки државата ќе преземе околу тоа, за една кратка делница околу 800 метри или еден километар и втора мошне кратка делница од околу 200, 300 или 500 метри, од Синѓелиќ, од бензинската пумпа па се до краварската фарма, во правец на селото Арачиново, не можат да поминуваат луѓе во тој дел. Понатаму има околу 5, 6 проекти за патишта во општината Липково, доставени се до соодветни агенции и министерства.

Ме интересира до каде се работите и што ќе се преземе понатаму. Последното прашање се донесува за Министерството за образование, што и мене ме тангира како професор.

Во последно време доста се зборува за корупција во високото образование.

Ме интересира, доколку има такви сознанија, бидејќи постојат такви гласини, Министерството за образование какви мерки ќе преземе, сметам дека навистина треба да преземе итни мерки.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Аслан Селмани.

Процедурално прашање има г-динот

Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Мала интервенција не е забелешка на прашањата, можеби е без значајна, меѓутоа сакав да интервенирам.

Населбата за која зборуваше пратеникот се вика Ченто, не Синѓелиќ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Има збор г-динот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Населбата се вика Асан Бег. Населба Ченто се вика другиот дел од бензинската пумпа па наваму, односно од 25 Мај па кон исток. Јас зборувам за старото село, што уште се вика Синѓелиќ. Тоа така стои во катастар и секаде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро. Тоа веројатно е така.

Има збор министерот Марјан Ѓорчев, кој сака да одговори на прашањето што го упати г-динот Аслан Селмани.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Г-динот пратеник Селмани ме информираше за состојбата во селото Синѓелиќ, водниот канал кој се протега некаде од Арачиново до реката Вардар и целото Скопско Поле, што има намера да ги собира почвените води, што ги има во поголем дел на подрачјето на Арачиново, Петровец, Ржаничино. Значи во тој дел има високи почвени води и одреден тип на мочуришта. И покрај системите за иригација што таму се направени, сепак тој канал има соодветни проблеми, затоа што во близината на каналот се направени голем број на мали населби и куќите се до самиот канал. Се работи за потег некаде од 600 до 800 метри во самото село Синѓелиќ. Тоа е во надлежност на Водостопанство – Вардар, кое е должно да го одржува тој канал и ние ќе преземеме итни мерки. Јас го информирав пратеникот дека со директорот на Водостопанство - Вардар веднаш ќе се пристапи кон чистење на каналот, бидејќи последиците се катастрофални има излевање на нечистотии во околните ниви, каде се произведуваат раноградинарски производи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине Селмани дали имате коментар на овој дел од Вашите прашања.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Многу сум задоволен од одговорот. Очекувам за два три дена да стигнат багерите во ова подрачје.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Второто прашање е упатено до министерот за урбанизам.

Има збор заменикот на министерот г-ѓата Силвија Томовска.

**СИЛВИЈА ТОМОВСКА:**

Пратеникот ќе добие одговор во писмена форма од Министерството за урбанизам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, значи за ова прашање ќе добиете одговор во писмена форма.

Следното прашање беше упатено до министерот за сообраќај и врски, г-динот Боби Спирковски.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Очигледно, од она што можев да го сфатам, станува збор за локални патни правци, за кои што е надлежна локалната самоуправа, а исто така средства во посебна Програма за финансирање на локалните патни правци, има предвидено Фондот за магистрални и регионални патишта, така да не би можел за тие 200 или 300 метра, што ги кажа пратеникот да одговорам веднаш, ќе дадеме писмен одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот Селмани е задоволен од одговорот.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Ќе отвориме расправа по добивањето на прашањето, односно одговорот по писмен пат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И последното прашање беше упатено до министерот за образование.

Има збор министерот за образование, г-динот Гале Галев.

Прашањето беше дали има мито и корупција во високото образование.

**ГАЛЕ ГАЛЕВ:**

Дозволено е секој да поставува прашање и да има сомнежи кон оваа работа.

Јас како министер би бил крајно не сериозен ако од оваа говорницаречам дека има мито и корупција. Ако има нека се докаже и тој да си заврши таму каде што треба. Тоа е мојот одговор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот Селмани е задоволен од одговорот.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Значи останува да ги фатиме тие луѓе и да докажеме дека е така.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, господо пратеници, сега ќе му дадам збор уште на еден пратеник, бидејќи се ближи 17,00 часот, а ние се договоривме дека ќе работиме до 17,00 часот, а се работи за следното.

Во 18,00 часот и јас и другите министри имаме обврски во врска со церемонијата околу пречекот на г-динот претседател на Република Хрватска, г-динот Стипе Месиќ.

Предлагам сега да го слушнеме г-динот Шахиќ па ќе прекинеме.

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Почитуван претседател, почитувани министри и колеги пратеници, имам пратеничко прашање до министерот за сообраќај и врски.

Имено, колку има слободни концесии во оваа држава за доделување и доколку ги има, зошто не се поделени на приватните радио и ТВ фирми.

Второто прашање кое сакам да го поставам, е упатено до министерот за сообраќај и врски, исто така.

Господине министер, едно прашање. Селото Црквино се наоѓа на автопатот Велес - Градско. Од автопатот има се на се три километри. Во тоа село живеат над 100 домаќинства, кои се бошњаци. Со години им е ветувано дека тој пат ќе биде направен, но до денес ништо не е направено.

Ме интересира дали тој пат е планирано да се направи оваа година или не и кога ќе се направат тие три километри пат за село Црквино.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам министерот за сообраќај и врски да земе збор.

**БОБИ СПИРКОВСКИ:**

Во поглед на првото прашање, повторно станува збор за прашање кое ми е познато. Имено, процедурата во врска со објавувањето на слободните фреквенции, е таква што Министерството за сообраќај и врски сите слободни државни ресурси му ги испраќа на Советот за радиодифузија, кој што потоа дава предлог до Владата, Владата одобрува и Советот објавува конкурс и ја спроведува постапката и потоа повратно на Владата и нуди стопански субјекти со кои Владата склучува договор. Една таква процедура еднаш, пред неколку месеци, беше спроведена и во таа процедура, по претходно известување на министерот за сообраќај и врски, беа ставени на располагање поголем број концесии.

Во владина процедура беа предложени две концесии за телевизиски куќи на територијата на град Скопје, за кои знам дека е заинтересиран конкретно пратеникот, меѓутоа тие две концесии Советот не ги објави. Зошто е тоа направено, не би можел да кажам, не би можел да говорам во името на Советот.

Советот е тело кое е независно и е директно под Собранието и би му сугерирал на пратеникот, преку собраниските служби, да се обрати до Советот за радиодифузија и таму да побара одговор на прашањето, зошто овие две слободни концесии, дадени од Министерството за сообраќај и врски и поминати преку владина процедура не се објавени и не е спроведена постапка. Тоа е одговор на првото прашање.

На второто прашање не би можел да одговорам сега, бидејќи повторно станува збор за некој пат кој треба да го провериме и во писмена форма да одговориме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, господине пратеник Шахиќ, министерот за првото прашање не упатува да добиеме писмена информација од Советот за радиодифузија, што е институција која е на Собранието, мислам се грижи Собранието и е директно под него, а во однос на второто прашање ќе добиете информација во писмена форма.

Дали сте задоволен од одговорот?

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Да, задоволен сум.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, утре продолжуваме во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 16,55 часот).